**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

Филозофски факултет

Институт за педагогија

Постдипломски студии по педагошки науки

# ПРОГРАМСКАТА ПОСТАВЕНОСТ И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЕКСКУРЗИИТЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

- МАГИСТЕРСКИ ТРУД -

**Ментор:**
*Проф. д-р Вера Стојановска*

**Кандидат:**
*Кристина Танеска*
досие бр. 4615/13

Скопје, 2017

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................................ 1

I Дел

Теоретски пристап кон проблемот на истражување ........................ 3

1. Наставата и вonнаставните активности во училиштето ........................ 4
2. Дефинирање на проблемот и основните поими ................................ 8
   2.1. Екскурзии ........................................................................ 8
   2.2. Класификација на екскурзиите ............................................. 11
3. Наставни екскурзии ............................................................... 18
   3.1. Организација на наставните екскурзии .................................. 22
      3.1.1. Планирање и подготовка на екскурзиите ........................... 22
      3.1.2. Изведување на екскурзиите ............................................ 25
      3.1.3. Работата во училница по изведената екскурзија ................. 27
   3.2. Анализа на наставните програми .......................................... 29
   3.3. Набљудувањето како значаен сегмент за успешна реализација на екскурзиите ........................................................................ 35
      3.3.1. Субјективни и објективни фактори на набљудување ............. 36
      3.3.2. Видови набљудување .................................................... 36
      3.3.3. Развивање на способноста кај учениците за набљудување.......... 37
      3.3.4. Процес на заклучување во наставата ................................ 38
   3.4. Воспитно-образовното значење на екскурзиите ........................ 39
4. Осврт врз Правилниците, Насоките и Упатствата за планирање и изведување на екскурзиите низ времето ........................................ 44
5. Релевантни истражувања на проблемот ........................................ 51
   5.1. Историски преглед на екскурзиите ........................................ 51
   5.2. Истражувања во САД ......................................................... 53
   5.3. Истражувања во Австралија ................................................. 55
   5.4. Анализа на видовите екскурзии во Р. Македонија ..................... 56

## II Дел

Методологија на истражувањето ........ 60

1. Предмет на истражувањето ........ 61
2. Цел и карактер на истражувањето ........ 61
3. Задачи на истражувањето ........ 62
4. Хипотези ........ 64
5. Варијабли ........ 65
6. Методи, техники и инструменти на истражувањето ........ 66
7. Популација и примерок ........ 67
8. Статистичка обработка на податоците ........ 69
9. Организација и тек на истражувањето ........ 69

## III Дел

Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето........ 71

1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од анкетирањето и интервјуирањето ........ 72
2. Анализа и интерпретација на резултатите од Чек-листата на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето ........ 98

## IV Дел

Заклучни сознанија и констатации ........ 103

Литература ........ 107

Прилози ........ 112

Прилог 1. Анкетен лист за ученици ........ 113

Прилог 2. Анкетен лист за наставници ........ 116

Прилог 3. Протокол за интервју со педагог ........ 120

Прилог 4. Чек-листа ........ 121

# Вовед

Промените кои настанаа во образованието се резултат на критиките што се упатуваат заради неговата неповрзаност со животот и општеството и барањето училиштето што е можно повеќе да се отвори и да се поврзе со општествената средина. Таа поврзаност најдобро се остварува преку наставните екскурзии, но и покрај нивната улога и значењето кое го имаат за ученикот сепак тие кај нас не се доволно проучувани. Потребата за правилно организирање и реализирање на екскурзиите претставуваше повод за донесување на *„Упатство за организирање и изведување на ученичките екскурзии“* во Март 1978 година од страна на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитанието и Републичкиот секретаријат за образование и наука. А она што е најново и актуелно и со цел да придонесе за подобрување на квалитетот на екскурзиите е донесувањето на нов и унифициран *„Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта“* во 2014 година од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование. Со овој Правилник се уредува процедурата на изведување на екскурзиите (цели, содржини, критериуми, начин на реализација и др.). Исто така бројот на екскурзиите во текот на учебната година се планира со годишната програма за работа и годишниот план за наставата во училиштето. Со годишната програма се предвидува целокупната работа во училиштето и овозможува успешно и ефикасно реализирање и следење на наставата и воннаставните активности.

Екскурзиите се едни од многуте активности кои се организираат и реализираат со цел да овозможат поцелосно и директно набљудување и проучување на појавите и процесите во природни и општествени услови. Со тоа се збогатуваат знаењата за природата, општеството, економијата, културата, историјата, техниката и сите други дејности на луѓето. Преку набљудувањето се развива интересот за сознавање, се формираат позитивни особини, се конкретизираат знаењата, целосно се доживува стварноста и се овозможува стекнување на поцелосни, подлабоки и потрајни знаења.

Непобитен е фактот дека наставните екскурзии денес, но и во подалечното и поблиското минато, биле и се дел од наставниот процес. Тие

постојат толку долго колку и училишниот систем. Мојата инспирација за обработка на оваа проблематика е досегашниот однос на практиката кон наставните екскурзии со омаловажување како кон форма на организација на наставата што не може да се споредува со наставата во училница и дека екскурзиите нудат само забава, рекреација, одмор и ништо повеќе. Наставните екскурзии спаѓаат во категорија на педагошки прашања кои не се доволно проучувани, научно истражувани и за кои во педагошката литература многу малку или воопшто не се говори. Но, денешните искуства од практиката ни даваат доволно докази дека наставните екскурзии се од големо значење во интензивирањето на наставниот процес и во надминувањето на вербализмот – основна карактеристика на традиционалната настава.

Она што првенствено го истражуваме во однос на оваа проблематика е програмската, односно дидактичко-методската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште. Исто така ги разгледуваме можностите и оправданоста од примената на наставните екскурзии и нивното воспитно-образовно значење. Сметаме дека ова ќе придонесе да се променат ставовите и сфаќањата за значењето на екскурзиите, првенствено кај учениците, наставниците, родителите, а и кај сите останати субјекти. Нашата цел е да ја истакнеме нивната комплексна содржина и вредност во воспитанието и образованието на идните генерации.

# I Дел

## Теоретски пристап кон проблемот на истражување



# 1. Наставата и вонанставните активности во основното училиште

Наставата, како и севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето, претставува организирана дејност преку која се остварува многу значајна општествена функција и која како таква е од посебен општествен интерес. Во педагошката литература за „наставата“ најчесто се наведува дека е „воспитно-образовен процес заснован на општествено одредени цели и задачи кои се остваруваат на дидактички обликувани содржини, низ разновидни облици и со помош на различни средства. Тоа е плански организиран воспитно-образовен процес со кој раководи наставникот чија задача е да им помогне на учениците да стекнат знаења, вештина и навики и да се развиваат како личности.“[1]

Според М. Вилотијевиќ наставата е процес во кој се надополнуваат воспитанието и образованието. Воспитанието е поширок поим од наставата, бидејќи на ученикот не делува воспитно само училиштето, туку и семејството, јавните медиуми и целокупното негово опкружување. И образованието е поширока категорија од наставата, бидејќи учениците стекнуваат искуство уште пред да тргнат во училиште.

Наставата е најорганизиран и најсистематичен начин на стекнување знаења. Таа е сложен процес кој е плански организиран и воден во кој учениците усвојуваат знаења, стекнуваат вештини и навики, психофизички се развиваат и сестрано се воспитуваат. Сето тоа со помош на наставникот, кој е стручно, дидактичко-методички и психолошки подготвен да ги остварува задачите на наставата. Наставата има три основни задачи: материјални (стекнување на знаења, вештини и навики), формални (психофизички развој) и воспитни (сестрано воспитание). Во дефиницијата на наставата се наведени три фактори на наставата, односно добро познатиот дидактички триаголник – ученик, наставник и наставни содржини. [2]

Неопходно е да постои поврзување на наставата со воннаставната воспитно-образовна дејност, бидејќи воспитниот процес не би можел да се замисли без вонучилишните облици на настава.

---

[1]Вилотијевић, М. (2000). *Дидактика 1*. Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, Учитељски факултет. стр. 38.
[2] Исто, стр. 39.

Друг поим кој се поврзува со наставата и вонnаставната дејност на училиштето и се од посебно значење се наставните содржини. Наставните содржини се научно засновани, дидактички обликувани односно прилагодени на психофизичкиот развој на ученикот. За таа цел наставниците применуваат најадекватни методи, наставни средства и применуваат разни облици на училишна активност кои придонесуваат за подлабоки, потрајни и поцелосни знаења. Еден таков посебен облик кој по својот карактер претставува составен дел на воспитно-образовната дејност на училиштето и врши значајна и суштествена педагошка функција се екскурзиите, кои исто така претставуваат еден вид на настава, но надвор од училницата и училишните простории.

„Структурата и содржината на основното образование во Република Македонија е детерминирана од усвоената Концепција на основното образование која вклучува:

- настава (задолжителни, изборни и факултативни предмети, дополнителна и додатна настава);
- воннаставни активности (слободни ученички активности, секции, ученички натпревари, заедница на учениците, производствена и друга општествено корисна работа, ученички екскурзии);
- грижа за здравјето на учениците;
- соработка со локалната средина;
- следење, вреднување и унапредување на образовната работа;
- планирање на образовната дејност на основното училиште;
- стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар.“[3]

Во овој прв дел од магистерскиот труд го лоцираме и разграничуваме предметот на нашето истражување во целиот воспитно-образовен процес. Програмската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште е токму тој предмет, и како што погоре видовме тоа спаѓа во воннаставните активности на училиштето.

Воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште претставува интегрално и мошне значајно подрачје во општата структура и содржина на вкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Во

[3]Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година. (2006). Скопје: Министерство за образование и наука. стр. 114.

концепцискиот документ „Основно образование - содржини и организација на воспитно-образовната дејност", донесен 1996 година, а чија практична примена започна од учебната 1996/97 година, се содржани суштинските концепциски определби во поглед на дидактичката функција, целта и задачите на воспитно-образовната работа во рамките на ова подрачје.

Во *„Основи за програмирање на вонnаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници"*[4] се содржани рамковните програми за слободните ученички активности, ученичките екскурзии, ученичките натпревари, за производната и за другата општествено-корисна работа на учениците и рамковната програма за подрачјето следење, унапредување и вреднување на воспитно-образовната дејност на основното училиште.

Подрачјето на воннаставната активност е проткаено со содржини и активности што се реализираат надвор од наставата. Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Реализацијата на овие активности е поделена на две фази. Првата ги опфаќа оние активности кои се наменети за учениците од I до V одделение, а втората фаза ги определува активностите за учениците од предметната настава од VI до IX одделение. Во програмите за работа на училиштето се организираат оние секции и се земаат оние содржини чие реализирање е можно во конкретните услови. Сите тие треба да бидат насочени кон остварување на општите цели на воспитанието и образованието и задачите на слободните активности.

Воннаставната дејност на основното училиште опфаќа голем број на активности. Во нив, покрај слободните активности за проширување на знаењата по одделни предмети, натпреварите, спаѓаат и екскурзиите.

Во рамките на овој магистерски труд повеќе се задржуваме на наставните екскурзии со воспитно-образовен карактер, бидејќи сметаме дека се од големо значење за учениците од основно училиште. Таа претставува кратко или подолго патување кое има научен, културен, спортски или

[4] Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници. (1999). Скопје: Министерство за образование - Педагошки завод на Македонија.

забавен карактер и чија задача е учениците од непосредната околина да ги осознаат предметите и појавите кои се проучуваат во училиштето.

Содржините кои се изучуваат во основното образование се поделени по наставни предмети кои се групирани во седум подрачја и според статусот се изучуваат како задолжителни, изборни и факултативни. Во Националната програма за развој на образованието дадени се следните подрачја:

- јазик и литература (содржини од мајчиниот јазик, македонскиот јазик и странските јазици);
- математика и информатика;
- природни науки(содржини од природа и општество, природа, биологија, физика и хемија);
- општествени науки (содржини од природа и општество, општество, историја со содржини за граѓанското општество и географија);
- техничко образование (содржини од природа и општество, математика, ликовно и техничко образование);
- физичко и здравствено образование;
- уметничко образование (содржини од музичко и ликовно образование); “ [5]

Ја даваме оваа рамка на предмети, за да го лоцираме нашиот предмет на истражување. Екскурзиите како активност која се изведува надвор од училницата се широк поим, па затоа ние се определивме да ги истражуваме само наставните екскурзии кои се остваруваат во рамки на подрачјето на природните науки. Истражувањето го насочуваме кон програмската поставеност и реализацијата на наставните екскурзии со воспитно-образовен карактер во основното училиште. Поконкретно ја истражуваме поставеноста, реализацијата и придобивките од наставните екскурзии кои се остваруваат за потребите на предметот природни науки (I, II и III одделение), природа (IV одделение), општество (IV и V одделение), природни науки (V одделение)и природни науки и техника (VI одделение).

[5]Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година. (2006). Скопје: Министерство за образование и наука. стр. 114, 115.

## 2. Дефинирање на проблемот и основните поими

Нашиот **проблем на истражување е** да се согледа каква е програмската поставеност и реализацијата на наставните екскурзии во основното училиште.

**Основниот поим** кој се сретнува во ова истражување се екскурзиите.

### 2.1. Екскурзии

Поимот ЕКСКУРЗИЈА доаѓа од lat. excursio што значи излет или кратко патување. Според М. Вујаклија може да се преведе со значење како излет, краток пат, патување заради забава,[6] а според Б. Клаиќ како кратко патување со научна, културна, спортска или забавна цел; заедничко посетување на знаменити места; излет (особено заради студирање на лице место).[7] Инаку овој термин меѓу светските јазици се среќава во следните форми: на англиски и на француски EXCURSION, на германски SCHULAUSFLUG и на руски ЭКСКУРСИЯ.[8]

Во педагошката литература поимот екскурзија различно е објаснуван и употребуван.

*Прангоски* во својата статија „Наставните екскурзии форма на организација на наставата" укажува на тоа дека во педагошката документација и во дидактичко-методичката литература поимот екскурзија различно се објаснува. Во педагошките документи на основните училишта, како што се: тематски и неделни планирања на наставниците, дневни подготовки, извештаи за изведени наставни екскурзии, годишна програма за работа на училиштето се употребуваат најразновидни термини за овој поим, како на пример: научна екскурзија, работна екскурзија, теренска работа, теренски излет, туристичка екскурзија, наставна прошетка, научно-забавна екскурзија, набљудување, излет, вежби итн.

Слична недефинираност и неодреденост на овој поим владее и во стручната дидактичка, методичка и педагошка литература. Така на пример за Б. Ампов и С. Наумоски тоа се *ученички екскурзии*, за М. Вребетиќ и В.

---

[6] Вујаклија, М. (1985). *Лексикон страних речи и израза.* Београд: Просвета. стр. 262.
[7] Klaić, B. (1985). Rječnik stranih riječi. Zagreb: Nakladni zavod Matice Hrvatske. стр. 158.
[8] Pedagoška enciklopedija 1 i 2, (1967). Beograd: Zavod za izdavanje udžbenika SR Srbija. стр. 281.

Тешиќ – *училишни екскурзии*, за К. Безиќ, Ж. Јовичиќ, Н. Трнавац, Ј. Ѓорѓевиќ, М. Дорофејев – само *екскурзија*, а додека за К. Секулоски, В. Секуловиќ, Б. Самоловчев, Т. Продановиќ, Р. Ничковиќ, В. Пољак, Н.С. Филиповиќ – тие се *наставни екскурзии.* [9]

» Во *Енциклопедискиот речник на педагогијата,* поимот **екскурзија** се дефинира како „посебна форма на настава надвор од училницата заради непосредно проучување на наставната граѓа која што инаку не би можела успешно да се проучува во училницата, или пак во неа неможе да се демонстрира." [10]

» „**Екскурзијата** е своевиден облик на настава која се реализира надвор од училишните простори заради непосредно проучување на оние наставни содржини кои не можат да се демонстрираат и успешно да се толкуваат во училницата. Се одликува со многу сложена организација." [11]

» Според *Р. Прангоски,* **екскурзијата** не е дополнителна наставна работа ниту пак вonнаставна работа, туку е форма на организација на наставата која рамноправно стои со останатите форми на организацијата на наставата во училницата, спортската сала, училишниот двор, парк, градина и сите други придружни објекти на училиштето.

» Во *Педагошката енциклопедија,* **наставната екскурзија** се дефинира како „форма на изведување на наставата при што наставата е локализирана вон училница" со што на учениците им се овозможува предметите и појавите да ги запознаат во природната средина и природните услови.[12]

*С. Јованова* во својата статија во списанието за теорија и практика „Воспитание" говори за најразлични називи за екскурзиите кои ги употребуваат педагозите, практичарите, методичарите и наставниците. Некои го употребуваат називот метод на работа, други облик на работа, трети

---

[9] Прангоски, Р. (2010). Наставните екскурзии форма на организација на наставата. Скопје: *Просветно дело*. бр.63/2. стр. 106.
[10] Enciklopedijski rečnik pedagogije. (1963). Zagreb: Matica Hrvatska. стр. 15.
[11] Вилотијевић, М. (2000). *Дидактика 3*. Београд: Учитељски факултет. стр. 196.
[12] Pedagoška enciklopedija 1 i 2, (1967). Beograd: Zavod za izdavanje udžbenika SR Srbija. стр. 281.

како настава надвор од училницата во која се употребуваат различни методи и облици на работа.

Се употребуваат и термините: прошетка, излет, посета, пешачење, наставна екскурзија, теренска настава, настава надвор од училницата и сл. Меѓутоа сите се согласуваат дека целокупната настава која се одвива надвор од училницата можеме да ја наречеме вонучилничка без оглед на времето местото и траењето. Во таа смисла се разликуваат неколку термини:

⇒ ***Посета*** - се однесува на настава во непосредната околина на училиштето каде се обработува една наставна единица во траење од неколку минути, еден или два наставни часа. Техничката и методичката подготовка за посетата е слична на подготовката за настава во училница или во школската градина.

⇒ ***Излет***- се нарекува полудневното излегување надвор од училишниот простор заради запознавање на содржината на една или повеќе наставни единици. Подготовката на излетите е технички и методички посложена од подготовката на посетите затоа што покрај мотивациската и сознајната страна содржи и рекреативен дел.

⇒ ***Школа во природа*** - се применува за учениците од едно одделение надвор од местото на живеење во траење од една до две недели. [13]

Сите видови организирања на воспитно-образовна работа и наставата надвор од просторијата, занималната, училницата, може да се нарече надворешно организирана воспитно-образовна работа, настава без оглед на местото и времето на траење.

Според *Љ. Јегени* (2004) во надворешно организираната воспитно-образовна настава, може да разликуваме: посети, излети, екскурзии, прошетки во дворот на установата и во природата.

1. ***Прошетки во природа***–се наједноставни за непосредно запознавање на околината. Се изведуваат во непосредна близина на училиштето, во паркот, во блиската шумичка и сл. и имаат одредена цел. Секоја прошетка има посебна вредност за развивање на способноста за воочување, забележување и будење на детската љубопитност. (2004, Просветно дело бр.5 стр.37,38)

[13] Јованова, С. (2003/04). Екскурзијата и нејзиното значење во наставата по природа и општество. Штип: *Воспитание*. бр. 4-5, стр. 121.

Во 1985 година, *Б. Ампов* напишал дека „**Ученичките излети** всушност претставуваат организирани излегувања и престојувања во природа, во паркови или во разни спортско-рекреативни места, со цел учениците, заедно со наставниците, да поминат одредено време за да се одморат (разонодат) и рекреираат."[14]

Ученичките излети за разлика од екскурзиите имаат поинаков карактер. Иако и излетот на определен начин претставува екскурзија во поширока смисла на зборот, иако и тој е поврзан со патување на учениците и со нивна „активност" надвор од училиштето, потоа иако и тој , исто така, врши определено воспитно влијание, а може да се користи и за потребите на наставата, сепак се смета дека тој во принцип нема наставно-работен карактер, туку првенствено и служи на потребата за разонода и одмор на учениците. Поради тоа мора да се прави разлика при користењето на овие поими во наставните планови и програми, како и при нивната организација и реализација и очекуваните резултати.

## 2.2. Класификација на екскурзиите

Стручњаците од областа на дидактиката и разновидните методики, при класификацијата на наставните екскурзии најпрво ги дефинираат критериумите за поделба на екскурзиите, а потоа врз основа на нив вршат поделба на истите. Бидејќи во стручната литература на оваа проблематика, авторите поаѓаат од разновидни аспекти, постојат мноштво критериуми при класификацијата на наставните екскурзии. Поради било која поделба на наставните екскурзии на извесен начин таа е условена и релативна затоа што во практиката со една наставна екскурзија која се организира и изведува, истовремено се реализираат повеќе задачи, активности и функции. Од таму секоја од нив едновремено припаѓа на повеќе видови.

Се поставува прашањето дали класификацијата на наставните екскурзии е формална работа. Вистинскиот одговор на ова прашање не смее да се занемари затоа што од тоа зависи дали правилно ќе се дефинира

[14]Ампов, Б. (1985). *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ воспитно-образовно значење, организирање и изведување.* Скопје: НИО „Студентски Збор". стр. 79.

поимот наставни екскурзии и во каква форма истите ќе се применуваат во практиката.

Проучувајќи ја стручната литература од областа на дидактиката и методиката се среќаваме со мноштво критериуми според кои авторите од тие критериуми набројуваат голем број на видови наставни екскурзии. „Критериумите според кои се врши класификацијата од еден автор до друг се разликуваат. За да се изврши класификација на една наставна екскурзија мора да се знае следното: што сакаме со неа да постигнеме т.е. кои се нејзините цели, колку долго истата ќе трае, кои места, објекти, институции ќе се посетат, колкав е обемот на содржината што ќе се реализира со неа, колкав е бројот на учесниците што ќе бидат опфатени и т.н. од што ќе зависи успехот како ќе се реализира наставната екскурзија.“[15]

Најчести критериуми според кои се врши поделба на екскурзиите се следните:

- местото каде што се изведува екскурзијата;
- времетраењето на екскурзијата;
- карактерот на целта и задачите на екскурзијата;
- оддалеченоста на локацијата и објектите што ќе се посетат;
- наставните предмети во рамките на кои се изведува екскурзијата;
- содржините кои треба да се обработат;
- обемот на наставни содржини или теми што треба да се реализира за време на екскурзијата;
- бројот на ученици кои се опфатени со екскурзијата;
- етапите на наставниот процес и т.н.

**Б. Ампов**[16] при поделбата на екскурзиите поаѓа од следните критериуми: карактерот на целта и задачите, дидактичко-методската концепција, опфатеноста на учениците, времетраењето и оддалеченоста на местата.

1. Според *карактерот на целта и задачите*, екскурзиите можат да бидат:

---

[15]Тешиќ, В. (1977). *Воспитно образовна функција школских екскурзија.* Београд: Секција просветних листова република и покрајина Југославије. стр. 14.
[16]Ампов, Б. (1985). *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ воспитно-образовно значење, организирање и изведување.* Скопје: НИО „Студентски Збор“ стр. 19.

- наставни екскурзии;
- екскурзии со општ воспитно-образовен карактер;
- комбинирани екскурзии;
- екскурзии со културно-забавен и рекреативен карактер.

2. Според *дидактичко-методската концепција* разликува:
   - екскурзии за воведување на учениците во наставниот материјал што треба да се обработи;
   - екскурзии за конкретна обработка на наставниот материјал;
   - екскурзии после обработката на наставниот материјал во училиштето (заради утврдување , проверување или применување на ученичките знаења);
3. Според *активноста на учениците* во воспитно-образовниот процес, екскурзиите ги дели на:
   - екскурзии од опсервациски вид (тежиштето на активноста на учениците е во нивното перцепирање односно непосредно набљудување на предметите, појавите и процесите);
   - екскурзии од продукционен т.е. функционален вид (вклучување во определени практични, работни активности);
   - комбинирани т.е. опсервациско-продукциони екскурзии.
4. Според *опфатеноста на учениците,* Ампов разликува:
   - екскурзии со ученици од една паралелка;
   - екскурзии со ученици од две или повеќе паралелки;
   - екскурзии со сите ученици на одделението - класот;
   - екскурзии со ученици од две или повеќе одделенија - класови;
   - екскурзии со сите ученици на училиштето.
5. Зависно од *оддалеченоста* на местото, објектот, институцијата што ќе се набљудува, екскурзиите можат да бидат:
   - екскурзија во местото на живеење или неговата поширока околина;
   - екскурзија во други места на републиката;
   - екскурзија во странство.
6. Зависно од *времетраењето,* екскурзиите ги дели на:
   - екскурзии со траење од 1 до 2 часа;
   - полудневни екскурзии;

- целодневни екскурзии;
- дводневни екскурзии;
- повеќедневни екскурзии.

**К. Секуловски** во „Методика на наставата по запознавање на природата и општеството "[17] екскурзиите ги дели според два критериуми и тоа според местото на изведување и времетраењето.

1. Според *местото на изведување* постојат:
   - екскурзии во непосредната природна околина (нива, градина, ливада, лозје, шума, река, бара);
   - екскурзии во центрите за производство (работилници, задруга, стопанство, фабрика);
   - екскурзии во установи и посета на историски места (пошта, амбуланта, библиотека, железничка и автобуска станица, собрание, споменик на паднатите борци).
2. Според *времетраењето* постојат:
   - едночасовни или двочасовни;
   - полудневни;
   - еднодневни.

**К. Безиќ[18]** дава еден од најприфатливите начини за класификација на наставните екскурзии во одделенската настава. Тој прави поделба според повеќе критериуми и тоа: времетраењето, местото каде ќе се изведува, целта на екскурзијата, содржината што ќе се презентира, етапите на наставниот процес и бројот на учениците.

1. Според *времетраењето* постојат:
   - едночасовни екскурзии;
   - повеќечасовни екскурзии;
   - полудневни екскурзии;
   - целодневни екскурзии;
   - повеќедневни екскурзии.
2. Според *местото на изведување* ги дели на :
   - екскурзии во природа;
   - екскурзии во производни работни организации;

[17]Секуловски, К. (1974). *Методика на наставата по запознавање на природата и општеството.* Скопје: Просветно дело. стр. 47.
[18]Bezić, K. (1975). *Metodika nastave priroda i društva.* Zagreb: Školska knjiga. str. 289.

- екскурзии во други работни организации и институции;
- екскурзии во културни установи.

3. Според *целта* на екскурзијата:
   - воспитно-образовни (стручни) екскурзии;
   - забавно-рекреативни екскурзии;
   - комбинирани екскурзии.
4. Според *содржината* што ќе се презентира за време на наставната екскурзија постојат:
   - биолошки екскурзии;
   - географски екскурзии;
   - историски екскурзии.
5. Според *етапите* во наставниот процес:
   - екскурзии за воведување во обработката на нова наставна содржина;
   - екскурзии на кои се обработува нова наставна содржина;
   - екскурзии кои следат по обработката на новата наставна содржина.

**М. Бразда** [19]екскурзиите во наставата по географија ги дели според критериумите: широчина, задачи, содржини, цели, траење и т.н.

1. Според содржината тие можат да бидат:
   - географски;
   - географско-интердисциплинарни.
2. Според ширината можат да бидат:
   - тематски (една тема);
   - политематски (повеќе теми);
   - комплексни.
3. Според траењето можат да бидат:
   - теренски наставен час;
   - полудневна теренска работа;
   - еднодневна теренска работа .

[19]Brazda, M. (1985). *Terenski rad i ekskurzije u nastavi geografije*. Zagreb: Školska knjiga. стр. 25-35.

За **М. Ждериќ, В. Терзија, В. Ѓорѓевиќ** [20] поделбата на екскурзиите се врши според следните критериуми: времетраење, местото и објектите, содржината, методите на работа, логичкиот пат.

1. Според времетраењето тие можат да бидат:
   - кратки екскурзии (1-2 часа);
   - полудневни екскурзии (2-4 часа);
   - еднодневни екскурзии;
   - повеќедневни екскурзии.
2. Според местото и објектите каде се изведуваат, тие можат да бидат:
   - екскурзии во природната средина (шуми, пасишта, ливади, езеро, река, бара, поток);
   - екскурзии во општествената средина (земјоделско стопанство, работни организации);
3. Според содржината тие можат да бидат:
   - ботанички;
   - зоолошки;
   - еколошки;
   - палентолошко-евалуациони.
4. Според методите на работа тие можат да бидат:
   - илустративни;
   - истражувачки.
5. Според логичкиот пат тие можат да бидат:
   - аналитички;
   - синтетички.

**Т. Продановиќ и Р. Ничковиќ**[21] не вршат класификација на екскурзиите според критериуми, туку нив ги делат на следниов начин:

- наставни екскурзии во природа;
- наставни екскурзии во центрите за работа;
- наставни екскурзии во институциите за општествен живот;
- наставни екскурзии во областа на уметничкото творештво.

[20]Žderić, M. Terzija, V. Đorđević, V. (1983). *Metodika nastave biologije*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva. стр. 118.
[21]Prodanović, T. Ničković, R. (1974). *Didaktika*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva. стр. 264-265.

**Наставната екскурзија** е таква форма на организација на наставата која од наставникот бара стручност и значителни напори, напори поголеми од примената на било која друга форма на работа, но воедно бара и дидактичко-методска и физичка подготвеност на учениците.

Во стручната литература изненадува ставот кога од разновидни причини, а пред се заради непознавање на оваа наставна форма, наставната екскурзија се дефинира како „полесна“ форма на наставна работа кога ученикот може да се одмори, рекреира и забавува.

Според овие гледишта екскурзијата има за задача да ги рекреира или одмара учениците во форма на своевидно патување заради одмор и рекреација. Врз основа ова доаѓа до губење на воспитно-образовното значење на екскурзијата и нејзиното позитивно и корисно влијание на учениците и за жал преовладува забавно-рекреативниот карактер како единствено и најзначајно обележје.

Тргнувајќи од анализата на горе наведените примери може да се констатира дека разновидниот приод во класификацијата на екскурзиите и употребата на разновидни термини за истите е резултат на позицијата од која поаѓаат авторите т.е. дали тоа го прават тргнувајќи од аспект на дидактиката, од аспектот на методиката по одреден наставен предмет или пак тоа го прават од аспект на поделбата на одделенска и предметна настава.

# 3. Наставни екскурзии

Најнапред мора да тргнеме од *Законот за основно образование*, поточно *член 34* во кој стои*:*

*„ (1) За развивање на различните интереси на учениците основното училиште организира слободни ученички активности коишто се определени со годишната програма за работа на училиштето.*

*(2) Учениците во слободните ученички активности се вклучуваат доброволно.*

*(3) Начинот на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво го утврдуваминистерот, во соработка со Бирото.*

*(4) Начинот на изведувањето на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците го утврдува министерот, на предлог на Бирото.“*[22]

Во согласност со ова се донесуваат Правилници во кои има правила, насоки и упатства за тоа како и на кој начин да се планираат екскурзиите во основните училишта. Постојат повеќе видови екскурзии, а за кој вид ќе се определат училиштата зависи од тоа каква функција треба да има екскурзијата и кои цели и задачи треба да се реализираат со неа. Кој вид екскурзии и со каков обем ќе бидат застапени зависи од потребите на училиштето. Бидејќи во трудов се говори за реализацијата на наставните екскурзии, најпрвин потребно е да ги дефинираме.

- **Наставните екскурзии** се таков облик на воспитно-образовна работа преку кој учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови. Преку нив, учениците ги прошируваат своите знаења, добиваат сознанија за одделни подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно-историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница. Нивната улога и педагошка функција е незаменлива во остварувањето на одделни цели и задачи на училиштето, а пред се, во остварувањето

[22]Закон за основното образование. (2008). Скопје: Службен весник на Република Македонија, бр. 103.

на две битни функции и тоа: воспитно-рекреативната и компензаторско-образовната.

Придржувајќи се до поделбата на екскурзиите која ја направил **Б. Ампов**[23] согласно со карактерот на целта и задачите, тие можат да бидат:

- наставни екскурзии;
- екскурзии со општ воспитно-образовен карактер;
- комбинирани екскурзии;
- екскурзии со културно-забавен и рекреативен карактер.

Наставните екскурзии се цел на нашето истражување и поради тоа мора да ги дефинираме и разграничиме од другите видови екскурзии.

Според Ампов, „**наставните екскурзии** се поврзани со наставата по определен наставен предмет и се изведуваат со цел, наставата да се поврзе со животната стварност и учениците на непосреден и конкретен начин (во природа, во општествена или стопанска организација, научна институција и сл.) да ги утврдат или прошират знаењата стекнати низ наставата. Ваквите екскурзии се планираат во годишните планови и програми за работа на наставниците, коишто се и нивни непосредни организатори. Во зависност од конкретните задачи, односно од нивната дидактичко-методска поставеност, овие екскурзии можат да послужат за воведување на учениците во наставната материја, за конкретна обработка на наставниот материјал, а исто така, може да се изведуваат откако ќе се обработи нов материјал, заради утврдување, проверување или применување на новите знаења.“[24]

Потребно е да правиме разлика помеѓу наставните екскурзии и оние со општ воспитно-образовен карактер и оние со културно-забавен и рекреативен карактер.

*Ученичките екскурзии со општ воспитно-образовен карактер,* за разлика од наставните екскурзии, не се строго поврзани со определен наставен предмет (за обработка на определена наставна програма), туку се организираат и изведуваат заради остварување на некои поопшти задачи и цели во поглед на формирањето на учениците. Тие се изведуваат на подолги релации, може да бидат повеќедневни и се организираат заради непосредно запознавање на учениците со позначајните места и центри на татковината, со

[23]Ампов, Б. (1985). *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ воспитно-образовно значење, организирање и изведување.* Скопје: НИО „Студентски Збор“ стр. 19.
[24]Исто така, стр. 19, 20.

нивните природни, економски, културно-историски и други вредности и знаменитости.

*Комбинираните ученички екскурзии* ги содржат елементите и карактеристиките на претходните два вида екскурзии. Тие се организираат за потребите на определен наставен предмет (може два и повеќе) и истовремено се искористуваат и во поглед на општото формирање на учениците.

Во основното училиште овој вид на екскурзии најчесто се организираат и изведуваат. Тоа е така, затоа што организацијата и изведувањето на екскурзиите е сложена работа и бара многу повеќе посветеност од страна на наставникот и за нив е многу потешко доколку организираат наставни екскурзии за потребите на секој предмет, па затоа ги комбинираат и со една екскурзија ги опфаќаат содржините од повеќе предмети. Тоа е причината поради која овој вид на екскурзии, најчесто можеме да ги најдеме во плановите на наставниците и програмите за екскурзии.

Многу често, кај нас не се прави разлика помеѓу наставните екскурзии и *екскурзиите со културно-забавен и рекреативен карактер.* Најчеста форма на овој вид екскурзии, претставуваат *ученичките излети.* „Излетите по својот карактер претставуваат форма за забава, рекреација или културно-уметничко и друго изградување и ангажирање на учениците. Иако, и тие имаат свое воспитно значење, постојат мислења дека излетите не претставуваат екскурзии, туку дека се форми и активности кои се организираат заради одмор, забава и рекреација. За разлика од нив екскурзиите претставуваат организирани и целесообразни воспитно-образовни активности и имаат повеќе или помалку непосредна врска со наставно-воспитната работа во училиштето.“[25]

Со оглед на значењето и улогата на екскурзиите, училиштето треба да се грижи во екскурзиите да бидат опфатени сите ученици. Економските можности на учениците не треба да бидат пречка за нивното вклучување во екскурзиите. Една ученичка екскурзија може да се реализира доколку во неа учествуваат најмалку 90% од учениците за кои е наменета, а учениците кои не учествуваат во екскурзијата, училиштето ги вклучува во други облици на воспитно-образовна работа.

[25]Исто така, стр. 21, 22.

Мал број од учениците го знаат и се свесни за воспитно-образовното значење и придонесот на наставните екскурзии, но тоа доаѓа и од организацијата и информирањето од страна на нивните наставници, затоа што екскурзиите ги изедначуваат со излетите и се изведуваат само заради забава, рекреација, одмор.

Токму поради тоа, со овој труд сакаме да ги „подигнеме" наставните екскурзии на она ниво на кое заслужуваат да бидат во воспитно-образовниот процес, истакнувајќи го нивното непроценливо значење за учениците.

Во *Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование* се наведува дека: „ Бројот на екскурзиите во текот на учебната година, нивната цел и содржина, начинот на организирање и изведување се планира со годишната програма за работа и годишниот план за наставата во училиштето и во планирањето на екскурзиите треба да им се даде поголемо значење и улога на родителите на учениците и да се води грижа сите деца да бидат вклучени во нив, без оглед на нивниот социјален статус. Процедурата на изведување се уредува со посебен правилник донесен од Министерството за образование и наука"[26] (за кој исто така во понатамошниот текст правиме анализа и споредба со други правилници).

Во „Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште"[27] стои посебно програмско подрачје за Следење, унапредување и вреднување на воспитно-образовната дејност на основното училиште. Она што е во согласност со нашиот предмет на истражување е следење на програмското осмислување и организирање на ученичките екскурзии кое следи во продолжение.

[26]Концепција за деветгодишно основно образование (2007). Скопје: Биро за развој на образование. стр. 105.

[27]Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници. (1999). Скопје: Министерство за образование - Педагошки завод на Македонија. стр.57.

## 3.1. Организацијата на наставните екскурзии

Организацијата на екскурзиите не може точно да се утврди затоа што влијаат повеќе фактори. Пред се, треба да се земе во предвид видот на екскурзија, возраста на учениците, годишното време, можностите за превоз и т.н. Но и покрај тоа, екскурзиите имаат некои заеднички елементи како што се: подготовката на екскурзиите, изведувањето (текот) на екскурзијата и работата во училница по изведената екскурзија.

Наставата по природни науки во основното училиште се карактеризира со многу разновидни и богати содржини. Овие воспитно-образовни содржини во наставниот процес се реализираат со разни видови на наставни средства и методи низ наставата во училница, но и надвор од училницата со вонучилишните активности.

### 3.1.1. Планирање и подготовка на екскурзиите

Екскурзиите се едни од најзначајните активности кои се реализираат надвор од училницата. Како и сите други воспитно-образовни активности, што се реализираат во текот на учебната година, така и екскурзиите во училиштето нужно е однапред да бидат предвидени и испланирани од страна на наставниците и стручните соработници. Планирањето се врши на почетокот на учебната година со што се овозможува рационален однос во поглед на предвидувањето на екскурзиите и со тоа навремено се решаваат и се анализираат воспитно-образовните потреби и можности за нивно задоволување; се определува колку и какви екскурзии ќе се организираат за потребите на наставата; се утврдува во врска со што и кога ќе се реализираат; кои услови треба да се обезбедат и сл.

Екскурзиите се изведуваат според Правилникот кој е донесен од страна на Министерството за образование и наука. Секое училиште изготвува рамковен план за екскурзии што ќе се изведуваат со секоја новопримена генерација на ученици, план за екскурзиите што ќе се изведуваат во една учебна година (планот е составен дел од годишната програма за работа на училиштето) и програма за организација и реализација на секоја екскурзија. Во Годишната програма треба да се испланираат видовите на екскурзии,

воспитно-образовните цели, задачи,содржина на активности,раководител, наставници, ученици,времетраење,локации за посета и правци на патување,техничка организација и начин на финансирање.

Наставникот ги планира екскурзиите на почеток на учебната година во својот годишен план за работа. Наставните екскурзии во врска со определена наставна тема или друга помала содржина, се планираат и предвидуваат во рамките на планот за обработка на темата, односно на помалата наставна содржина. Ваквите екскурзии се краткотрајни и локални, меѓутоа најбројни.

Во почетните одделенија на основното образование, наставниците ја планираат екскурзијата во непосредната околина и се раководат според годишните времиња (есен, зима, пролет, лето) поради набљудувањето на фенолошките појави и сезонската работа на луѓето. Добро е да се изберат погодни објекти во непосредната околина на училиштето и истите да се набљудуваат во четирите годишни времиња, за да можат учениците да доживеат континуитет во набљудувањето на појавата.

Покрај планирањето на екскурзиите, нужно е и програмирањето односно осмислување и разработување (операционализирање) на задачите и содржините како и на сите други елементи и услови од кои зависи нивното реализирање.

К. Секуловски во учебникот „Методика на наставата по запознавање на природата и општеството“ дава насоки за проектирањето на екскурзиите. Тој смета дека: „ Проектирањето на наставните екскурзии се врши одеднаш за трите години и трите одделенија (I, II и III). Целосното програмирање ќе овозможи континуирано набљудување и рационално користење на времето, а со тоа ќе се обезбеди успешна организација и квалитетна реализација наставната програма за сите три одделенија.“ [28]

Според Б. Ампов „конкретната подготовка на екскурзиите е условена од видот и карактерот на екскурзијата и таа главно треба да одговара на следните барања:

- Концепциско-содржинско определување на екскурзијата (целта, задачите, содржината);

---

[28]Секуловски, К. (1974). *Методика на наставата по запознавање на природата и општеството*. Скопје: Просветно дело. стр. 47-48.

- Наставно-методска подготовка на наставникот за екскурзијата (подетално запознавање на наставникот со содржините што ќе се третираат, запознавање на содржинските елементи и можности што ги дава вонучилишниот наставен објект, утврдување на наставно-методски форми и начини на работа со учениците, утврдување на потребни наставни средства, утврдување на организација и артикулација на наставната дејност, прашањето дали ќе бидат вклучени други лица, кои се тие и како ќе бидат вклучени);
- Организациско-техничка подготовка на екскурзијата (термините за нејзино изведување, начинот на пристигнување до објектот и враќањето назад, воспоставување на претходен контакт и договарање со одговорните лица во објектот)
- Подготовка на учениците за екскурзијата (повторување на наставните содржини кои се во непосредна врска со содржината што ќе се третира на екскурзијата, во општи црти информирање на учениците за значењето и содржината на екскурзијата, за тоа што конкретно ќе набљудуваат и со какви знаења ќе се здобијат, каков прибор за работа со себе да понесат, какви алишта, чевли или друг личен прибор и сл.) На учениците , исто така, им се обрнува внимание за тоа какво треба да биде нивното однесување во текот на екскурзијата (за време ан патувањето до местото или објектот, за време на престојувањето) за да не дојде до некакви непосакувани проблеми.“ [29]

Покрај сето ова, неопходно е информирање на родителите преку родителски состаноци. Иако тие се во тек со прашањата во врска со екскурзијата преку своите деца, наставникот е должен да одржи заеднички состанок, на кој родителите ќе ги добијат потребните информации во врска со екскурзијата. Некои од родителите може и активно да се вклучат во подготовките и организирањето на екскурзиите, што исто така е корисно.

[29]Б. Ампов, (1986). *МЕТОДИКА на наставата по запознавање на природата, по запознавање на општеството.* Скопје: НИО „Студентски збор“. стр. 130.

### 3.1.2. Изведување на екскурзиите

Ако е направена добра подготовка екскурзијата ќе тече без тешкотии. Практичната реализација на екскурзијата почнува од поаѓањето на пат (од установата - училиштето), на учениците заедно со наставникот и трае се до нивното враќање назад. Кога ја земаме предвид возраста на учениците Ампов укажува на некои барања кои се доста значајни и треба да им се обрне внимание. Тој вели: „Зависно од тоа како и колку се патува, наставникот е должен да води сметка за тоа - патувањето да биде што попријатно, во воспитно-образовен поглед што покорисно, а и што побезбедно. Грижата на наставникот за учениците, секако, мора да биде присутна и активна низ целиот тек на екскурзијата, како за време на патувањето до местото или објектот, така и за време на престојувањето во него и за време на враќањето назад.“ [30]

Во однос на тргнувањето од училиштето, доколку се оди пеш, учениците треба добро да се организираат како да се движат (да се држат за рака, да одат во војнички ред).

Со доаѓањето на предвиденото место, започнува воспитно-образовната наставна работа. Таа зависи од конкретните задачи, содржини, специфичните услови што ги дава местото или објектот и треба да се води сметка да се оствари основната цел, односно во воспитно-образовен поглед да се реализираат сите планирани активности. Заради поголема рационалност и ефикасност, добро е наставната дејност и овде да ги почитува вообичаените фази или етапи. Така, во почетокот, на учениците им се даваат општи и кратки објаснувања за местото - објектот, се потсетуваат на задачите што треба да се реализираат, на тоа што ќе набљудуваат и со што ќе се запознаат. Б. Ампов смета дека ваквите воведни и начелни објаснувања се потребни заради поголема мотивација кај учениците и заради полесно запознавање со она што е предвидено и што ќе набљудуваат. Во наредната фаза се остварува набљудувањето на предметите, појавите, објектите и процесите.

---

[30] Исто, стр. 131.

Според Bezić, (1975) најдобро е учениците да бидат во круг или полукруг околу наставникот, затоа што така најдобро можат да набљудуваат. Набљудувањето се изведува постапно. Сите работи мора да се вршат по планот кој порано е подготвен. Во текот на работата учениците треба да ги бележат најважните работи и да ги нацртаат своите впечатоци. На некои екскурзии се собираат поединечни примероци од растенија, плодови, лисја, инсекти и сл. Однапред мора да се знае кој за што ќе биде задолжен. Во текот на набљудувањето и истражувањето на објектот или појавата, на учениците треба да им се дозволи да поставуваат прашања и тие на адекватен начин да бидат задоволени. Во зависност од возраста и искуството на учениците, не треба одеднаш да се набљудуваат многу објекти или предмети и набљудувањето треба да биде насочено само кон битните елементи на појавата. Друг аспект кој е значаен е временското ограничување на набљудувањето. Долгите набљудувања може да предизвикаат замор и незаинтересираност кај учениците.

Доколку екскурзијата се изведува во производствени организации, каде има машини, посебно треба да се внимава на безбедноста на учениците. На овие екскурзии подобро е стручните лица да одговараат на поставените прашања на учениците, отколку на неразбирлив начин да го објаснуваат процесот на производство. Преку прашањата ги насочуваме кон она што сакаме да го дознаеме.

Иако не се работи во училница, наставникот треба да предвиди и одмор. Доколку наставата трае повеќе од еден час, тогаш на учениците им се дава пауза, т.е. следи одмор и слободни игри.

Во текот на екскурзијата се настојува да се остане во границите на планот, но понекогаш се појавуваат непредвидени настани кои го привлекуваат вниманието на учениците. Наставникот треба да има контрола на целата ситуација, затоа што интересот на децата многу лесно може да се сврти кон некоја непланирана страна. Тоа не треба да се занемарува, туку, ако е можно треба да им се посвети внимание и потоа да се продолжи по планот.

### 3.1.3. Работата во училница по изведената екскурзија

Со враќањето во училница, активностите во врска со екскурзијата, се уште не треба да се сметаат за завршени. Колку и да била добро и успешно изведена и реализирана екскурзијата, сепак по враќањето на учениците и наставниците во училиштето, потребно е таа да добие завршна форма. Ваквото барање во практиката често се запоставува, но оваа завршна активност е од големо значење, затоа што екскурзиите својот вистински ефект го постигнуваат токму преку оваа завршна работа на учениците и наставниците во училиштето.

Б. Ампов во „Ученички екскурзии - воспитно-образовно значење, организирање и изведување“ кажува дека таа работа во училиштето треба да се состои од: „правење општ осврт врз она што е остварено со екскурзијата, евентуално давање дополнителни и додатни објаснувања на учениците за она што е набљудувано во текот на екскурзијата, воспоставување на нужните врски и корелации меѓу она што е набљудувано со наставната работа во училиштето, средување на впечатоците и утврдување соодветни судови и заклучоци и сл.“ [31]

Работата во училница е различна за разни видови на екскурзии и нејзиниот карактер зависи од целта, задачите и содржината на екскурзијата. Така на пример, завршната работа на наставните екскурзии по својата содржина и форма може да се разликува од содржината и формата на завршната работа на оние екскурзии кои не се строго наставни, туку се со поопшт воспитно-образовен карактер. И наставните екскурзии кои може да бидат различни во поглед на својата содржинска и дидактичко-методска форма, се поврзуваат со наставата во училиштето и се користат било при обработка на нов материјал, било при повторување и утврдување на порано обработениот материјал. Но, независно од видот на екскурзијата, според Bezić сепак завршните активности во училницата може да се поделат во неколку фази:

„Во првата фаза добро е во форма на разговор, да се добие општ впечаток за екскурзијата. Учениците сакаат да ги опишуваат своите

[31]Ампов, Б. (1985). *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ воспитно-образовно значење, организирање и изведување.* Скопје: НИО „Студентски Збор“ стр.75.

доживувања и тоа на некој начин им создава задоволство. Притоа, многу е значајно поединечните впечатоци да се соединат во еден заеднички општ впечаток на одделението.

Во втората фаза се работи организирано. Најдобро е учениците да известуваат според своите белешки и сеќавања. Доколку задачите биле однапред поделени, секој ученик ќе известува за својот дел од работата, ако не, тогаш тие ќе известуваат за тоа што сметаат дека е важно и значајно. На учениците треба да им се дозволи да зборуваат се додека имаат нешто ново да кажат и додека не почнат да се повторуваат.

Во третата фаза се систематизираат содржините. Тоа се прави така што наставникот поставува критериуми и тој ја води работата за да не дојде до оддалечување од темата. На таблата се бележат основните елементи и може да се направи шема, доколку тоа го допушта содржината.

На крајот, работата се завршува со проверување на знаењата. Наставникот мора да се увери во која мера се усвоени знаењата, превзема мерки за да ги поправат можните грешки и да ги пополнат празнините.“ [32]

Вреднувањето на извршената работа во врска со поставените задачи на екскурзијата, се врши на наредниот час по природни науки во училиштето. Ваквите часови како што претходно кажавме се наменети за проверување, проширување и систематизирање на впечатоците. На овие часови се средува и собраниот материјал од природата. Тој материјал може и да се изложи во училиштето или да се употреби за практична работа на учениците - рачни изработки, правење колекции и сл.

Знаењата што се здобиени на екскурзијата, во процесот на наставата треба да се користат секогаш кога за тоа ќе се укаже можност. И подоцна учениците треба да се потсетуваат на она што го набљудувале и да се поврзат со наставните содржини, како при нивната обработка, така и при нивното повторување и систематизирање.

[32]Bezić, K. (1975). *Metodika nastave prirode i društva.* Zagreb: Školska knjiga. стр. 302.

## 3.2. Анализа на наставните програми

Во Република Македонија концептот за содржината и организацијата на основното образование е донесен во 1996 година и од истата започна постапно да се применува новиот Наставен план со Наставните програми, кои се донесени врз основа на Концепцијата за деветгодишно основно образование. Во неа се вели дека: „во повеќе наврати правени се измени и дополнувања на наставниот план и наставните програми, а од особено значење се обидите за растоварување на наставните програми од преобемните или информативни и помалку значајни содржини што ја зголемуваа психофизичката оптовареност на учениците.

Тргнувајќи од законската регулатива за основното образование во нашата држава се применува заеднички наставен план за задолжителните, изборните и факултативните предмети. Овој начин на програмирање е застапен и во образованието во развиените држави.“[33]

Како во светот така и кај нас, во образовниот систем се сретнуваат мноштво иновации што се предизвикани од промените во опкружувањето. Брзината на пренесување на информации постојано расте и во вакви околности училиштата не се снаоѓаат најсоодветно. Прилагодувањето кон новите барања се реализира со потешкотии, со чувство дека промените ги уништуваат нивните „добри стари концепти“. Со такви потешкотии и неприфаќања се сретнавме и во нашиот образовен систем, односно со реформите кои настанаа во 2007 во основното образование, а тоа се:

- ⇒ продолжување на основното (задолжително) образование од 8 на 9 години;
- ⇒ неговата поделба на три циклуси (3+3+3) за разлика од претходно кога имаше два циклуса (4+4);
- ⇒ не постои подготвителна година (забавиште) која не беше задолжителна, туку децата започнуваат со задолжително прво одделение;
- ⇒ хронолошката возраст на децата за тргнување на училиште ќе се движи од 5 год. и 8 месеци до 6 год. и 7 месеци

[33]Концепција за деветгодишно основно образование (2007). Скопје: Биро за развој на образование. стр. 19.

⇒ целодневна настава од прво до трето одделение;

⇒ од прво до трето одделение оценувањето е описно, а од четврто до шесто е комбинирано (прво тромесечие – описно, полугодие – бројчано, трето тромесечие – описно, на крај година - бројчано).

Во 2007 год. се донесоа новите наставните планови и програми за деветгодишно основно образование во Р. Македонија со кои се реализираа овие промени.

Нашите сознанија се дека наставниците максимално се трудат да ја реализираат програмата, затоа што тоа се бара од нив и постојано имаат инспекции од Државен просветен инспекторат и од Бирото за развој на образование, меѓутоа тие не ги прашуваат што е тоа што треба да се промени во програмите, а всушност тие се директните реализатори на таа програма. Исто така, поради големиот број на ученици во одделението, не можат да се постигнат такви ефекти какви што се очекува од нив.

Она што е актуелно и е значајно за нашиот проблем на истражување се новите Кембриџ програми. Од учебната 2014/2015 година, Бирото за развој на образование, известува дека учениците од прво, второ и трето одделение, по предметите математика и запознавање на околината т.е. природни науки, ќе учат според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ (Cambridge International Examination Centre).

Главна карактеристика на адаптираните наставни програми по природни науки е тоа што таа е спирална, односно, учениците учат одредена тема, но подоцна во наставата се навраќаат на истата тема и повторно ја изучуваат на повисоко ниво и во поинаков контекст. Друга карактеристика на програмата е вклучување на научни истражувања кои ги охрабруваат учениците да поставуваат прашања и самите да доаѓаат до одговори преку поддршката од наставниците. Програмата им овозможува на учениците да развијат критичко мислење, да размислуваат, да ги користат доказите до кои доаѓаат, со што ќе им се овозможи решавање на проблемите од секојдневниот живот. Сите овие карактеристики се од круцијално значење за квалитетно изведување на наставните екскурзии по природни науки, бидејќи без набљудување, без истражување, без критичко мислење екскурзијата не би била она што треба да биде.

Според К. Попоски: „Иновирањата или позначителните промени на наставните програми, не се цел за себе. Тие се менувани и усовршувани со намера да се менува (подобрува) и нивната практична реализација, односно да се разрешат одредени проблеми и да се обезбеди поквалитетно образование за учениците, а во практиката на училиштата, промената на наставните програми е сфатена само како некоја формалност, како потреба предизвикана од општествените промени.“[34]

Повикувајќи се на член 25, став 5 од Законот за основно образование:

„ Со наставните програми се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, оценувањето на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.“[35]

Согласно со ова, Наставната програма содржи збир на развојни наставни цели од областа на природните науки. Програмата, застапена е во четири содржински области: научно истражување, биологија, хемија и физика. Во наставната програма по природни науки се дава објаснување за секое подрачје и тоа: „Научното истражување опфаќа разгледување на идеи, процена на докази, планирање на истражувачка работа и евидентирање и анализа на податоци. Тоа ги зајакнува биологијата, хемијата и физиката кои, се фокусирани на развивање самодоверба и интерес за стекнување на научно знаење. Тука се вклучени и областите како градење на свеста за околината и делумно историја на природните науки. Рамката на наставни програми за природни науки за основно образование дава солидна основа над која може да се надградува идното образование. Наставната програма треба да се реализира со фонд од 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.“[36]

Карактерот и содржината на наставата по природни науки, целите и задачите определени со наставната програма, како и возраста на учениците во првите два циклуси од основното образование, бара еден дел од наставата да се изведува надвор од училницата, во непосредната околина или подалеку

---

[34]Попоски, К. (2000). *Програмирање на воспитно-образовниот процес.* Скопје: Педагошки завод на Македонија. стр. 170.

[35]Закон за основното образование (2008). Скопје: Службен весник на Република Македонија, бр. 103.

[36]Наставни програми по природни науки за I, II и III одд. за деветгодишно основно образование. (2014). Скопје: Биро за развој на образование.

од училиштето. Во однос на тоа, потребно е организирање на непосредно набљудување на природните и општествените појави поради нивно подобро запознавање. Таа форма на настава надвор од училницата е екскурзијата и поради овие карактеристики на наставата по природни науки, ние се определивме да ги истражуваме токму тие наставните екскурзии. Потребата од нив се согледува во неможноста одредени објекти, појави и процеси успешно да се проучат во училницата или да бидат демонстрирани во неа.

Адаптираните Кембриџ програми по природни науки се однесуваат само за прво, второ и трето одделение. Наставните предмети кои го проучуваат подрачјето на природните науки се изучуваат и во вториот развоен период (IV-VI одд.) на деветгодишното основно образование, по предметите: природа (IV одд.), општество (IV и V одд.), природни науки (V одд.) и природни науки и техника (VI одд.), со цел кај ученикот да се развива поврзано, единствено природонаучно сфаќање за разновидноста на природата и на светот во поширока смисла. Наставните програми се поврзани меѓу себе според структурата (цели, теми, содржини, активности) и се надградуваат врз наставните програми за предметот Природни науки од прво до трето одделение од првиот развоен период.

Во овој труд ја истражуваме програмската поставеност и реализација на наставните екскурзии од природното подрачје во првите два циклуси од деветгодишното основно образование. Врз основа на анализата на *наставните програми по природни науки и општество* која ја направивме, може да одвоиме некои примери за наставни екскурзии, поединечно за секое одделение *за првите два циклуси*. Тоа може да се види во следната табела.

Табела 1. *Примери на наставни екскурзии врз основа на тематска единица*

| Наставен предмет / Одделение | Тематска единица | Цели на учење | Место на реализација на екскурзијата |
|---|---|---|---|
| Природни науки / I одд. | Живеење и растење | Истражува начини на кои различни животни и растенија живеат во локалната животна средина | Во блиската околина |
| Природни науки / I одд. | Живеење и растење | Осознава дека луѓето и животните даваат поколенија кои израснуваат во возрасни | На фарма |
| Природни науки / I одд. | Туркања и влечења | Истражува, разговара и го опишува движењето на познати предмети | На игралиштето или локален парк и набљудување на сообраќајот (брзина) |
| Природни науки / II одд. | Растенијата и животните околу нас | Идентификува сличности и разлики меѓу локалните животни средини и знае за начините преку кои тие влијаат на животните и растенијата кои живеат во нив | Во непосредната околина или училишното игралиште „во лов“ на ситни организми и растенија |
| Природни науки / III одд. | Сетила | Вкус | На локален пазар на храна |
| Природни науки / III одд. | Сетила | Вид | На кино-гледање филм |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Природа / IV одд. | Планетата Земја е променлив систем | Да ги разбере последиците од брзите и бавните промени на површината на Земјата (годишните времиња) | Во метеоролошка станица и разговор со метеоролози |
| Општество / IV одд. | Живеалишта и населби | Да умее да ги препознава и користи институциите во населбата и да ја осознае нивната намена | Во месна заедница |
| Општество / IV одд. | Општина | Да се запознае со организацијата на општината како локална заедница | Во локалната заедница и посета на советот на општината |
| Природни науки / V одд. | Ориентација на Земјата | Да ги определува страните на светот во природата | Во блиската шума (ориентирање со помош на ставот на телото, положбата на Сонцето, мовта на дрвјата, сенката на некој објект) |
| Општество / V одд. | Нашата татковина РМ | Да се запознае со културниот живот и институции на културата во РМ | На театар - театарска претстава или балет |
| Општество / V одд. | Република Македонија во светот | Да ги познава, чува и негува најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на РМ | Набљудување на културни и верски објекти или археолошко наоѓалиште |
| Природни науки и техника / VI одд. | Планетата Земја во Вселената | Да добие претстава за вселенскиот простор | На планетариум |
| Природни науки и техника / VI одд. | Природните науки во секојдневниот живот | Да го согледа значењето на природните науки во добивањето и зачувувањето на храната во исправна состојба | Во работилница за добивање на леб (пекара) |

## 3.3. Набљудувањето како значаен сегмент за успешна реализација на екскурзиите

Непосредното набљудување во природата и општествената средина има големо методичко значење. Доколку е правилно организирано и методички подготвено, тоа претставува еден од најсилните извори за стекнување на знаења и запознавање со основните појави и манифестации, со промените кај животните, растенијата и луѓето во природата и општествената средина од местото и крајот на училиштето.

Набљудувањето им помага на учениците во процесот на сознавање на стварноста и целта е тие да се оспособат за самостојно набљудување. Постои разлика помеѓу обичното гледање и набљудувањето. Оној кој што набљудува има некаква цел и намера. Тој во текот на набљудувањето интензивно перцепира, т.е. со различни сетила се набљудуваат различни квалитети на предметот на набљудување, потоа се спроведува анализа на впечатоците добиени од набљудувањето и на тој начин тие стануваат појасни. На крај следи мисловна обработка на материјалот до кој се дошло со помош на перцепирањето и со тоа се доведува во релација со старото искуство кое се надополнува со новото. Од ова може да заклучиме дека набљудувањето не е пасивно, туку тоа претставува активна психичка работа.

При набљудувањето нашето внимание е насочено, а нашата цел е да забележиме некое дејство онакво какво што е реално и притоа да не го менуваме. Секогаш треба да се знае што се набљудува односно што е предмет на набљудување, причината зошто набљудуваме, т.е. целта на набљудување која секогаш треба да биде јасна и недвосмислена и на крај што сме постигнале со набљудувањето, односно кои се резултатите.

Според К. Секуловски (1974), значајно нешто за набљудувањето според кое треба да се раководи наставникот е следново: да се набљудуваат предмети и појави достапни за ученичката возраст, да се одбираат такви предмети на кои јасно ќе можат да го забележат и воочат битното и карактеристичното за групата еднородни предмети, во набљудувањето учениците да вклучат колку што е можно повеќе сетилни органи.

### 3.3.1. Субјективни и објективни фактори на набљудување

К. Bezić во неговата книга *„Metodika nastave prirode i društva“* [37] укажува на некои субјективни и објективни фактори од кои зависи набљудувањето. Во субјективни фактори кои имаат влијание на процесот и резултатот од набљудувањето спаѓаат: сетилата, памтењето, мислењето, интересите, вниманието, фантазијата, емоциите и искуството. Објективните услови се однесуваат на тоа предметите и појавите кои се набљудуваат да бидат достапни на сетилата на учениците, односно да бидат доволно блиску и доволно големи за да можат учениците да ги забележат нивните својства. Но има појави кои не може да се набљудуваат заради реална опасност или поради тоа што долго траат како на пр. цутење на дрвјата и затоа овие појави се набљудуваат со помош на аудио-визуелни наставни средства, тоа е всушност индиректно набљудување, но ние повеќе ќе се задржиме на директното набљудување бидејќи тоа е она кое се поврзува и е значаен сегмент кој придонесува за успешноста на наставните екскурзии.

### 3.3.2. Видови набљудување

Според Bezić, врз основа на времетраењето, набљудувањата во наставата по природни науки се делат на краткотрајни и долготрајни.[38] За нас се значајни краткотрајните набљудувања, бидејќи тие се изведуваат еднократно, во еден здив и за тоа време учениците да забележат се она што е предмет на набљудување. Таквото набљудување најчесто се применува за време на наставните екскурзии во природа. Додека, долготрајното набљудување трае релативно долго време и се изведува во повеќе наврати т.е. фази. Појавите кои се набљудуваат треба редовно да се забележуваат и по извесен период врз тие податоци се изведуваат заклучоци. Таквите појави се забележуваат во календари, односно тоа се обрасци во кои се бележат податоците од повеќе набљудувања и се погодни за меѓусебно поврзување на појавите. Друга поделба која исто така е значајна за нашиот предмет на

[37]Bezić, K. (1975). *Metodika nastave priroda i društva.* Zagreb: Školska knjiga стр. 48.

[38]Исто така, стр.50.

истражување е поделбата на К. Bezić, според начинот на набљудување,[39] а тоа е на непосредно (директно) и посредно (индиректно) набљудување.

При изведувањето на екскурзии, набљудувањата според времетраењето најчесто се краткотрајни, а според начинот во поголем дел се непосредни односно директни. Секуловски во неговата книга Методика на наставата по запознавање на природата и општеството[40] укажува дека, иако набљудувањата се кратки, тие треба да бидат правилно организирани и усогласени со возраста и степенот на образованието на учениците, како во поглед на целта, задачите и содржината, така и во однос на темпото и траењето на набљудувањето. Непосредното набљудување карактеристично е по тоа што учениците набљудуваат преку своите сетила и поради тоа појавата мора да им биде достапна. Тоа претставува основен извор за стекнување на знаења и запознавање на природата.

### 3.3.3. Развивање на способноста кај учениците за набљудување

Сите луѓе кои се раѓаат со нормални сетила и психички функции имаат потенцијални можности да станат добри набљудувачи. Способноста за набљудување се развива како и сите други способности.

Според Bezić (1975), најнапред учениците треба да се оспособат да ја препознаат или да ја поставaт целта на набљудувањето. Кај малите деца обично се поставува глобална цел и наставникот пред тоа им соопштува на кои прашања ќе добијат одговор при набљудувањето. Во почетокот, наставникот треба да ја поставува целта, а потоа учениците постепено да се оспособат за самостојно набљудување. Една иста појава може да се набљудува од различни аспекти, со различни сетила. Во тој случај се организира повеќекратно набљудување и тогаш одредена појава се запознава комплексно. Во таквиот случај наставникот го одредува редоследот и полека ги воведува учениците за самостојно набљудување. Секоја појава има битни и не толку битни карактеристики. Помалите ученици и едните и другите карактеристики ги изедначуваат и не ги разликуваат по нивната важност. Во

[39]Исто така, стр.52.
[40] Секуловски, К. (1974). Методика на наставата по Запознавање на Природата и Општеството. Скопје: Просветно дело. стр. 52.

тој случај наставникот е тука да го насочува набљудувањето со помош на прашања, а со тек на време самите ученици ќе се оспособат за самостојно набљудување.

### 3.3.4. Процес на заклучување во наставата

Учениците не усвојуваат готови поими, судови и заклучоци, туку сами доаѓаат до нив. Тие ја запознаваат стварноста преку процесот на заклучување бидејќи тоа е мисловен процес, а резултатот на тој процес е заклучокот како логична творба. Заклучокот е творба од повеќе судови, каде едниот произлегува од другиот. Наставникот кој спроведува и раководи со процесот на заклучување, не може успешно да го води ако не ги познава логичките патишта. Според ова, разликуваме: индуктивно (од поединечно кон општо), дедуктивно (од општо кон поединечно) и заклучување по аналогија (од поединечно кон поединечно, новите знаења произлегуваат од претходно усвоените).

На секое набљудување за време на екскурзиите како што претходно споменавме, треба да му претходи добра и сестрана подготовка. Набљудувањето е еден од главните фактори за успешно реализирање на екскурзиите по природни науки, затоа што преку набљудувањето се остварува целта и задачите кои се предвидени со нив. Набљудувањето е главна и една од основните активности која ја остваруваат учениците на наставната екскурзија и врз основа на тоа донесуваат заклучоци и се стекнуваат со нови сознанија за одредена појава. Екскурзиите не би можеле да ги замислиме без набљудување, бидејќи тоа е невозможно и не е реално, затоа што тоа претставува дел од нашето перцепирање и живеење.

## 3.4. Воспитно-образовното значење на екскурзиите

Воспитно-образовната дејност на училиштето денес не би можела да се „изолира“, да се „затвора“ и да се одвива само во неговите објекти и простории – во училницата, кабинетот, лабораторијата. Таа денес, од кога и да е повеќе бара поврзување, па дури и определено интегрирање со конкретниот живот и реалноста надвор од училиштето. И покрај современата наставна технологија , овој процес нужно е да се организира и одвива и надвор од училишните објекти и простории. Токму екскурзијата ни овозможува вакво поврзување и интегрирање на воспитно-образовната дејност во училиштето со животот и стварноста. Значењето и вредноста на екскурзиите ќе ги проследиме низ следниве аспекти:

- „Како педагошка форма со свои специфични одлики, таа ефикасно придонесува за осовременување, унапредување на воспитно-образовната дејност во училиштето, а со тоа и за поадекватно и покомплетно ***интелектуално формирање на ученичката личност***. При определувањето на поимот екскурзија истакнавме дека таа овозможува *најдиректно и најнепосредно запознавање на учениците со стварноста*, со местата, објектите, предметите, појавите и процесите што ги изучуваат на самото место, во нивната конкретна средина.“[41]

- Ниту со најдоброто усно излагање на наставникот, ниту со најуспешна текстуална или ликовна илустрација, не може да се постигне она што може да се постигне (со екскурзијата) тогаш кога предметот, појавата или процесот непосредно и конкретно се набљудуваат и проучуваат, односно кога на учениците им се демонстрираат во нивната оригиналност. Тоа е и основната воспитно-образовна вредност на екскурзијата како наставна форма, бидејќи со *непосредното набљудување и доживување* се овозможува стекнување на *целосни, подлабоки и потрајни знаења* со што се ублажуваат неповолните последици на традиционалната настава исполнета со вербализам.

- Знаењата добиени на овој начин се вистински интелектуални основи кои имаат мотивационо дејство кај ученикот и го стимулираат

[41] Ампов, Б. (1985). *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ воспитно-образовно значење, организирање и изведување.* Скопје: НИО „Студентски Збор“. стр.11.

неговиот натамошен интерес. Ваквите знаења се одликуваат и со поголема практичност и функционалност, а тоа значи дека нив ученикот полесно ќе може да ги користи и применува во натамошното учење и во животот. Исто така тие знаења претставуваат најпогодна основа за *формирање на правилен и реален поглед на светот* кај младиот човек, што исто така е една од основните задачи на воспитанието и образованието.

- Ампов Б. смета дека посебно значење е придонесот на екскурзиите во поглед на ***моралното воспитување на ученикот***. Многу ученици со училишната екскурзија за првпат во својот живот подолго време се надвор од својот дом без своите родители, а тоа значи дека на одреден начин се *осамостојуваат и се социјализираат.*

Оваа форма на настава многу повеќе од класичната работа во училницата, овозможува учениците да поминуваат подолго време заедно, меѓусебно повеќе да комуницираат, да си помагаат еден на друг, да се дружат, да ги исполнуваат договорените задачи и обврски, да ги усогласуваат личните потреби и интереси со потребите и интересите на соучениците.

- Заедничкиот живот надвор од училиштето, од друга страна на наставникот му дава можност за подобро запознавање на ученичката личност и обратно, дава можност ученикот подобро да го запознае својот наставник и да ги открие сите негови особини кои инаку поретко доаѓаат до израз во секојдневниот училишен амбиент. За време на екскурзијата се ослободени од оние конвенционални училишни односи и е погодна за воспоставување правилни, соработнички, другарски, *меѓусебни односи.*

- Друг битен квалитет на екскурзијата е тоа што *во нејзината подготовка, организација и остварувањеучествуваат учениците* со што се развива нивната иницијатива, соработка, организаторски способности, самостојност, одговорност, дисциплина. Според Вилотијевиќ: „греши оној наставник кој улогата на ученикот во оваа форма на работа ја сведува на извршителна активност (набљудување на објекти, слушање на толкувањето на наставникот и поставување прашања). Во тој случај ученикот ќе биде во пасивна положба, бидејќи се му е дадено во готова форма.“ [42]

Екскурзијата е можност за максимална активација на ученикот и можност за развој на нивните организаторски способности (одлучувањето за

[42]Вилотијевић, М. (2000). *Дидактика 3.* Београд: Учитељски факултет. стр.197.

разни прашања околу екскурзијата, за заеднички финансиски средства, користење на јавни услужни средства, контактот со природните, културно-историските и други знаменитости кои придонесуваат за развој на општествено - самоуправна свест), изградување на правилен однос спрема колективниот и општествениот имот, општествените богатства и вредности.

- Секоја екскурзија е еден вид *запознавање на ученикот со вредностите на одредена земја*. Ако екскурзијата се организира во рамките на поблиската околина на училиштето, тогаш таа им дава можност на учениците да ја запознаат таа околина; ако се изведува во границите на Р. Македонија – да се запознаат со нејзиното природно и културно богатство. Таа претставува ефикасно средство за негување и развивање на љубовта на младите спрема татковината, спрема слободата и независноста, спрема нејзините убавини, нејзините историски и други вредности, спрема нејзината иднина. Екскурзиите во странските земји придонесуваат да се почитуваат и прифаќаат достигнувањата на другите народи.

- Екскурзиите придонесуваат и за естетското воспитување на ученикот. Според Б. Ампов нејзините можности во овој поглед се разновидни. Преку екскурзиите учениците стапуваат во директен контакт со разновидни естетски феномени и вредности. Тие непосредно се запознаваат со природните убавини, со бројни уметнички дела во уметнички галерии и институции, се запознаваат со оние естетски вредности што се присутни во урбанизираните комплекси, во парковите, во стопанските или општествените објекти, со уметничките вредности на други производи на човековиот труд и сл. Запознавајќи се директно и непосредно со ваквите и другите естетски феномени, ученикот не само што се здобива со нужните претстави и знаења за нив, туку, истовремено, кај него се пробудува интересот и се развива смислата за убавото, а со тоа се зголемуваат желбата и потребата за откривање, доживување и творење на убавото. Односно кај ученикот се формира неговата естетска култура, што во денешно време е многу значајно, бидејќи се повеќе се губат вредностите, се губи смислата на убавото и преовладуваат нешта кои немаат никаква естетска вредност, а се занимливи за младите.

- Ампов зборува и за придонесот на екскурзиите во поглед на ***физичкото и здравственото воспитување на ученикот.***

Објаснува дека и покрај заморот кој го создаваат екскурзиите, и покрај разните тешкотии и незгоди што можат да се појават, било за време на патувањето, било за време на престојувањето во определените места, екскурзиите сепак претставуваат вистинска рекреација за учениците, претставуваат весели, пријатни и незаборавни моменти од животот на младите. Исто така престојот надвор од училницата, на природни терени (на сонце, чист и свеж воздух), промената на секојдневната работа во училиштето, претставуваат моменти што би можеле да дојдат до израз токму преку екскурзиите и кои многу поволно се одразуваат врз психичката, физичката и здравствената состојба на ученикот.

*Она што може да го заклучиме е дека екскурзијата има доста значаен придонес во воспитно-образовната дејност на училиштето и позитивно се ефектуира врз ученикот, но единствено доколку се познаваат нејзините педагошки можности и кога правилно се организира и успешно се реализира во практиката. Доколку не се води сметка за ваквите барања и доколку не се познаваат педагошките потенцијали на екскурзијата, таа лесно би можела да го изгуби својот карактер и да добие одлик на неорганизирана и нецелесообразна дејност и да се претвори во нешто спротивно од она што би требало да биде.*

Во продолжение ги презентираме позитивните и негативните страни на наставните екскурзии, односно нивните предности и слабости.

Како **предности на наставните екскурзии** во основното образование се издвојуваат следниве:

- наставата се поврзува со стварноста и кај учениците се формира правилен и реален поглед на светот;
- запознавање на предметите и појавите во нивната природна средина и животни услови;
- се внесуваат промени во начинот на изведба на наставата;
- се развива интересот кај учениците за проучување на живата природа и непосредно запознавање на вредностите на својата земја;
- се развива способноста за набљудување кај учениците;

- позитивно влијае на развојот на самостојното набљудување и придонесува за активност на ученикот во непосредната околина;
- Ја запознаваат стварноста преку процесот на заклучување (го поврзуваат знаењето со природата и животот);
- учениците имаат поголема мотивација и интерес за учење и истражување;
- знаењата, стекнати со екскурзијата се со повисок квалитет и трајност;
- интензивирање на наставниот процес и надминување на вербализмот во наставата;
- наставниците имаат можност подобро да ги запознаат учениците.

Додека пак, како **слаби страни при организирањето и реализацијата на екскурзиите** може да се наведат следните:

- подготовката за една екскурзија трае долго;
- не може да се изведува во секој период од денот или годината;
- бара добри временски услови;
- бара издвојување на повеќе финансиски средства;
- големиот број на ученици, ја отежнува работата на наставникот;
- екскурзијата се оправдува, само кога со помош на останатите извори не можат да се остварат планираните задачи;
- кога се во природа, концентрацијата, особено кај учениците од помала возраст е намалена.

# 4. Осврт врз Правилниците, Насоките и Упатствата за планирање и изведување на екскурзиите низ времето

Донесувањето на новиот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта“ (2014), беше од пресудно значење за изборот на нашата тема за изработка на магистерски труд. Актуелноста на овој правилник не поттикна малку повеќе да истражиме за оваа област. Дојдовме до сознанија дека наставните екскурзии спаѓаат во онаа категорија на педагошки прашања кои до денес на нашите простори не се доволно научно истражувани и во дидактичко-методичката литература многу малку или воопшто не се говори за нив. Дури и оние кои се смета дека се стручни за планирањето и изведувањето на екскурзиите пројавуваат одредена несигурност и нејасност во определувањето можностите на овој вид на активност во воспитно-образовниот процес. Придонесот и ефектите од екскурзиите се од круцијално значење за учениците, но само доколку се планираат и се изведуваат на правилен начин.

Токму во овој дел од магистерскиот труд правиме анализа на новиот Правилник (2014) со Правилникот (2010), Насоките за организирање на екскурзии, излети и логорувања со учениците од основните и средните училишта (2007) и Упатството за организирање и изведување на ученичките екскурзии (1978). Тоа се веродостојни документи со кои се пропишува и се даваат одредени правила, насоки и упатства за екскурзиите, но во различни временски периоди.

Согласно со член 34, став 4 од Законот за основно образование, кој гласи:

*„Начинот на изведувањето на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците го утврдува министерот, на предлог на Бирото.“*[43] на 05.06.2014 година донесен е **Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.**

[43] Закон за основното образование. (2008). Скопје: Службен весник на Република Македонија. бр. 103.

*Со овој правилник се пропишува начинот на изведувањето на училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Тој содржи седум подрачја. Во првото подрачје - Општи одредби со член 2 се дефинираат училишните екскурзии како:*

„посебни вонучилишни облици на воспитно-образовната работа што се изведуваат надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставите програми. “[44]

*Со второто подрачје во правилникот се одредени целта и задачите на училишните екскурзии. Согласно член 3*: „Целта е совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.“[45]

*Согласно член 4:*

„Задачите на училишните екскурзии и другите активности се остваруваат преку:

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.“[46]

---

[44]Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. (2014). Скопје: Министерство за образование и наука.

[45]Исто

[46]Исто

*Претходно споменавме дека во рамките на Годишната програма спаѓа и програмата за екскурзиите. За подготовка на таа програма се формира посебен стручен тим со одлука на Училишниот одбор. Стручниот тим го сочинуваат: директорот на училиштето, одделенски раководители или други наставници кои реализираат настава во училиштето во траење од најмалку една година.*

Со член 6 во овој Правилник,[47] одредени се „податоците кои треба да ги содржиПрограмата за екскурзии и други слободни активности:

- воспитно-образовни цели,
- задачи,
- содржина на активности,
- раководител, наставници, ученици,
- времетраење,
- локации за посета и правци на патување,
- техничка организација и
- начин на финансирање.

Директорот на училиштето именува раководител на екскурзијата и од редот на наставниците кои реализираат настава во одделенијата со кои ќе се изведува екскурзијата.

За учениците кои не учествуваат во екскурзијата училиштето организира настава.

За оние ученици кои од економски причини не можат да учествуваат во екскурзијата, излетите и наставата во природа според член 11 од Правилникот директорот може да обезбеди нивно учество преку сопствени извори, донации, спонзорства или други извори.“

*Додека истражувавме низ педагошката литература за нашиот предмет, пронајдовме* **„Упатство за организирање и изведување на ученичките екскурзии“ издадено во Скопје, Март 1978 година** *од страна на Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето (РЗУОВ) и Републички секретаријат за образование и наука (РСОН). Во однос на организирањето и изведувањето на екскурзиите, училиштата треба да се раководат според ова упатство. Ова е еден од постарите документи кои сведочи за начинот на*

[47]Исто така

*организирање и изведување на екскурзиите во минатото. Денешниот Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии во одредени делови потсетува на ова упатство. Она што е исто е тоа што и во двата документи зададени се целта, задачите и одредени критериуми врз основа на кои треба да се организираат екскурзиите. Разликата е во тоа што во Правилникот во голем степен се вклучени родителите, спротивно на Упатството каде што не се ни споменуваат.*

*Исто така во Правилникот од 2014 година убаво е истакната постапката за барање на понуда за екскурзиите,избор на правен субјект и воспоставување договор со истиот, условите кои треба да ги исполнува понудувачот, неговите права и обврски, за разлика од Упатството во кое е нагласено дека екскурзиите треба правилно да се планираат и програмираат, но не е објаснето како, на кој начин и што е тоа „правилно“.*

*Согласно со член 17 во Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта стои:*

„За избор на правен субјект за изведување на екскурзиите, училиштето, во име на родителите, спроведува постапка за прибирање понуди со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника. Истовремено училиштето го истакнува огласот и на видно место на влезот во училишната зграда.

Постапката ја спроведува Комисија формирана со одлука на Училишниот одбор. Комисијата е составена од пет членови (три члена од редот на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците). Претседател на комисијата е еден од членовите на комисијата од Советот на родители.

Комисијата го подготвува огласот во вид на покана за доставување понуди, наведувајќи ги особено, описот на услуга, минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот, документите кои треба да ги достави понудувачот, информации за вредноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот која може да биде во висина од 5% до 15%, како и крајниот рок, местото и начинот за доставување на истите. Трошоците за објавување на огласот се на сметка на училиштето.

Рокот за доставување на понуда не смее да биде пократок од пет работни дена.

Комисијата ќе пристапи кон евалуација доколку е добиена најмалку една понуда. Комисијата спроведува евалуација, подготвува извештај од евалуација и дава предлог за избор на најповолен понудувач или предлог за поништување на постапката во рок од пет работни дена од денот утврден како краен рок за доставување понуди. Комисијата може да даде предлог за поништување на постапката во следните случаи доколку:

- не е поднесена ниту една понуда,
- не е поднесена ниту една прифатлива понуда,
- цените во понудата се понеповолни од реалните пазарни цени
- Комисијата не може да изврши споредба на понудите заради различен пристап на понудувачите при формирање на цената на понудата.

Најниската цена е критериум за доделување на договор за изведување на екскурзиите. Исто така со овој правилник определени се минималните услови кои треба да ги исполнува понудувачот, како и нивното право на жалба доколку не е избрана нивната понуда.“ [48]

*Друг документ со кој се определува планирањето на екскурзиите е издаден од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование, во Април 2007 година е* **„Насоки за организирање на екскурзии, излети и логорувања со учениците од основните и средните *училишта*“.** *Овие насоки имаат за цел да им помогнат на училиштата за полесно планирање, програмирање, организирање и правилно реализирање на ученичките екскурзии, излети и логорувања. Во овој документ стои јасна поделба на екскурзиите според целта и задачите (се делат на повеќе групи: наставни со општ воспитно-образовен карактер, за забава и рекреација и комбинирани). Наставни се кога наставата се поврзува со животната реалност и преку нив се прошируваат или утврдуваат знаењата стекнати низ наставата или се воведуваат во нова материја. Часовите-деновите наменети за нив влегуваат во годишниот фонд на часови, односно деновите во годишната*

[48] Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. (2014). Скопје: Министерство за образование и наука.

*програма за работа на училиштето. За разлика од овој документ во новиот Правилник од 2014 год, оваа поделба е изоставена и дадени се само целта и задачите на училишните екскурзии, а не постојат видови на екскурзии. А во основа оваа поделба е од особено значење за нашиот труд, бидејќи нашата цел на истражување се токму наставните екскурзии со воспитно-образовен и научно-истражувачки карактер, кои како такви не стојат во овој Правилник. Со ова настанува заблуда кај наставниците во основните училишта и постои проблем во програмската поставеност на наставните екскурзии, бидејќи во програмата ги запишуваат како излети, а ги реализираат како наставни екскурзии. Тоа е така, затоа што со правилникот е предвидено да се реализираат само три екскурзии во текот на школувањето на учениците во основно училиште, и тоа на крајот од секој циклус (во III одд. еднодневна, во VI одд. дводневна и во IX одд. тридневна), за разлика од излетите кои може да се организираат најмногу двапати годишно за секое одделение.*

*Во двата документи постои терминолошка нееднаквост во однос на органите кои се предодредени за планирање на екскурзиите како што се: стручен водич, организатор, одделенски и стручни совети (во Насоките заорганизирање на екскурзии, излети и логорувања со учениците од основните и средните училишта) и стручен тим, училишен одбор, комисија и совет на родители (во Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта). Во насоките од 2007 год. за екскурзиите постои поделба според времетраењето на екскурзиите на:*

- *целодневни;*
- *полудневни и*
- *повеќедневни,*

*додека во Правилникот од 2014 со член 16 се утврдува времетраењето на екскурзиите, излетите, наставата во природа, кампирање, летување и зимување на следниов начин:*

„Екскурзија се организира еднаш во учебната година во траење од еден до три дена и тоа:

-за учениците од III одделение – еден ден;

-за учениците од VI одделение – два дена;

-за учениците од завршното одделение – три дена.

Како што претходно споменавме, излетите се организираат за сите ученици најмногу двапати во учебната година, во есен и во пролет (до 30 километри оддалеченост од општината во која се наоѓа основното училиште), а се изведуваат во поблиската околина во траење до еден ден.

Наставата во природа се организира во траење од три до пет дена еднаш во учебната година.“ [49]

**Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта** *донесен на сила 01. 11. 2010 има голем број заеднички елементи со Правилникот од 2014. Она што е заедничко, а во претходните документи го нема се локалитетите и објектите кои се предвидени да се посетат. Екскурзиите и слободните активности се организираат и изведуваат на територијата во Република Македонија. Од големо значење е тоа што тие се организираат и изведуваат на места, локалитети и објекти кои се концизно определени со двата Правилници од 2010 и 2014 година. Локалитетите и објектите кои се одбрани за реализација на екскурзиите се различни и кој објект и на кое место ќе се посети зависи од географскиот регион, т.е. местоположбата на училиштата (зависно од тоа дали се наоѓаат во околината на Скопје, во Источна или во Западна Македонија).*

*Друг аспект кој е од големо значење е соработката со родителите во однос на планирање и организирање на екскурзиите и навременото информирање за финансиските износи кои се потребни. Одделенските раководители мора да ги известат родителите најкасно во рок од 15 дена пред предвидениот термин за екскурзијата.*

*Петтото подрачје во Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии се однесува на извештајот за реализацијата на екскурзиите. Според член 28 од овој Правилник:*

[49]Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. (2014). Скопје: Министерство за образование и наука.

„Непосредно по реализирањето на екскурзиите и другите слободни активности, а најдоцна во рок од три дена стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги. Извештајот го разгледуваат Наставничкиот совет и Советот на родителите, а го усвојува Училишниот одбор. Извештајот станува составен дел на Годишниот извештај за работа на училиштето. Оделенските раководители ги запознаваат родителите со извештајот на родителски состаноци. Доколку при разгледувањето на извештајот за реализација на екскурзијата и другите слободни активности се оцени дека извршителите на услугите не ги испочитувале договорените обврски, училиштето е должно за тоа да ја извести општината.“[50]

Надзор на спроведувањето на одредбите од овој правилник врши Државниот просветен инспекторат и овластениот просветен инспектор на општината.

# 5. Релевантни истражувања

## 5.1. Историски преглед на екскурзиите според: Јан Амос Коменски, Жан Жак Русо и Фридрих Фребел

Воспитно-образовната дејност во училиштата во минатото, покрај во училницата се остварувала и во природата на отворен простор. Познато е дека во средниот век наставата се одвивала во затворен простор, а потоа педагозите хуманисти ја истакнале потребата за поврзување на воспитно-образовната работа научениците со нивното опкружување. Почнувајќи од 14 век, од епохата на хуманизмот и ренесансата, потоа со педагошкиот систем на Коменски и педагошкото учење на Русо во 18 век па продолжувајќи се до денес се остварува поврзување на наставата со природата на различни начини.

Познати педагози често децата ги воделе во училишниот двор на прошетка да видат разни предмети, во поле, во шуми, ридови, продавници, работилници да видат како и што се случува, како се работи; како орачот ора,

[50]Исто така

сее и жнее, како дрварот сече дрва, резбарот резба, ковачот кова и сл. Исто така Ј. А. Коменски, Ж. Ж. Русо и др. се залагале за поврзување на учењето на децата и учениците со непосредната околина.

**Јан Амос Коменски** прв разработил детален школски систем целосно заснован на универзалните законитости на природата и врз основа на тоа ја направил периодизацијата на детскиот развиток. Тој разликува 4 развојни периоди и тоа: од раѓањето до 6-та година; од 6-та до 12-та година; од 12-та до 18-та година и од 18-та до 24-та година. Она што е значајно за нашиот предмет на истражување е дека уште од 17 век се споменуваат екскурзиите. Во академијата која била наменета за зрелиот период од 18 до 24 години, студентите се здобивале со знаења од правото, медицината и теологијата и на крајот школувањето им завршувало со *научна екскурзија*. Тој вид на екскурзија не се реализирала на ист начин како и денешните наставни екскурзии, меѓутоа и едната и другата имаат научен карактер. Целта заради која се спроведува екскурзијата е истражувачка и се состои во утврдување , проверување или применување на ученичките знаења.Според Коменски, децата уште во предучилишниот период треба да се здобијат со основни претстави од околината како и да ги развијат своите сетилни органи. Кај децата во овој период треба да се изградат елементарни познавања од природознанието, на пример: што е вода, воздух, земја, дрво, планина, река, долина, село, град и сл., а сето тоа најдобро се учи преку непосреден контакт со истите.

**Жан Жак Русо** строго ја критикува наставата која главно се состои од толкување на неразбирливи текстови за децата и се залага за самостојност, активност и способност за набљудување. Знаењата на учениците не треба да бидат резултат на нашата настава, туку последица на сопственото набљудување и размислување. Доколку ова размислување го поврземе со нашиот предмет на истражување ќе заклучиме дека способноста за набљудување е една од основните карактеристики за правилна реализација на наставните екскурзии. Посебно внимание Русо му придавал на трудовото воспитание. По неговото мислење рачната работа најмногу го доближува човекот до природната состојба. Покрај познавањето на земјоделските работи, детето треба да научи и некој занает. Русо се определува за столарски занает и мошне значајно е неговото барање занаетот да се изучува во

неговите природни услови. Тоа може да го поврземе со денешната настава која се остварува надвор од училницата, всушност тоа се различните видови на наставни екскурзии според местото каде се изведуваат (на пример: во природа - шума, поле, река, езеро, во производни организации - фабрика, хидроцентрали, занаетчиски работилници и сл.). Со неговото сфаќање дека воспитанието треба да биде сообразено со детската природа, со барањето за поврзувањето на наставата со природната околина и детското искуство, со барањето за реално образование, со барањето да се почитува детската личност - Русо значително ја збогатил воспитната традиција.

**Фридрих Фребел** посебно значење им придава на подвижните игри на отворен простор, со кој се развива и јакне детското тело. Воведува повеќе трудови (работни) занимања, како на пример, работи во градина, негување на некои билки, самопослужување итн., а смислата ја наоѓа во развивање на социјални навики, социјални чувства и односи. Така на пример, децата додека работат во градината, кај нив се раѓа чувството за одговорност во извршување на поставените задачи и свест за заедничка припадност. Фребел препорачува да се употребуваат и редица други средства, како што се: глина, песок, стапчиња, плочки и др. кои децата сами ќе ги собираат надвор од училницата, со помош на кои ќе го запознаваат светот и ќе ги развиваат своите творечки способности. Всушност сето ова претставува настава надвор од училницата која е во согласност со денешните наставни екскурзии и ги поседува истите карактеристики како нив (во поглед на истражување, набљудување, социјализација и дружење итн.).

## 5.2. Истражувања во САД

Во САД во 2013 година направено е истражување во кое станува збор за „Воспитно-образовната вредност на екскурзиите“ (The Educational Value of Field Trips). Анализите се направени во однос на посетеноста на музејот на американската уметност „*Crystal Bridges*“ од страна на ученици.[51] Училишните екскурзии во Америка имаат долга историја. Со децении, учениците наредени во жолти автобуси оделе во посета на голем број на

[51]Greene,Jay P., Kisida, B., Bowen, D.H. (2014). „Benefits of Field Trips - Critical thinking and tolerance improve “*EducationNext*. 1/14. p. 70.
http://educationnext.org/the-educational-value-of-field-trips/ 29/11/14

културно-уметнички институции, музеи, театри, зоолошки градини, историски локалитети и сл. Училиштата обезбедувале финансиски средства, со цел на учениците да им се овозможи запознавање со културното наследство и да изградат личности кои ќе ја ценат уметноста и културата. Исто така има посиромашни семејства кои не можат да му го обезбедат тоа на своите деца, а со екскурзиите имаат можност да ги посетат тие локалитети.

Според ова истражување, денес, екскурзиите со културно-уметнички карактер се во опаѓање. Едно истражување од страна на Американската асоцијација на училишни администратори откриле дека повеќе од половина од училиштата ги елиминирале планираните екскурзии во 2010-2011. Одлуката за намалување на овие патувања со културен карактер е одраз на повеќе фактори. Финансиските притисоци на училиштата се големи, одлуките за распределување на ограничените ресурси се тешки и затоа на екскурзиите се гледа како на непотребни и не толку важни. Поголем фокус се става на зголемување на успехот на учениците по математика, читање, пишување, употреба на стандардизирани тестови. Некои училишта сметаат дека времето поминато во училница за подготовка на тестови е подобро искористено време отколку времето потрошено на екскурзиите. Кога училиштата организираат екскурзии, тоа го прават со цел да ги наградат учениците за напорното учење, а не да им обезбедат културно збогатување. Оваа промена на карактерот на екскурзиите од „културно збогатување“ до „награда“ се рефлектира во генерациската промена кај наставниците. Во една анкета за наставници спроведена во 2012-13 година, оние кои биле наставници со најмалку 15 години искуство верувале дека примарната цел на екскурзијата е да се обезбеди можност за учење, додека кај повеќето помлади наставници примарната цел на екскурзиите била „уживање“.

Во 2011 година се отворил музејот на американската уметност „*Crystal Bridges*“ во северозападниот дел на Арканзас. Тоа е првиот голем музеј на уметноста кој е изграден во САД во последните четири децении, со повеќе од 50.000 квадратни метри на просторот на галеријата и донација од 800 милиони долари. Делови од донациите се посветени на покривање на сите трошоци поврзани со училишните тури (автобус, влез, ручек, наставници). Бидејќи турнејата е потполно бесплатна за училиштата имало голема побарувачка за училишните тури кои не можеле да бидат сместени сите

наеднаш и се одбирало на лотариски начин. Анкетите за учениците вклучувале повеќе предмети на оценување: знаење за уметноста, мерки за критичко размислување, историска емпатија, толеранција и одржлив интерес за посета на уметнички музеи.

Повикувајќи се на деталите од турнејата, истражувањето покажало дека учениците всушност задржуваат голем степен на фактички информации од нивните патувања. Учениците биле во можност да се сетат за детали на сликите што ги виделе во многу голема брзина. На пример 82% од учениците кои ја виделе сликата на Norman Rockwell's Rosie можеле да се сетат дека сликата ја нагласува важноста на жените да влезат во работната сила за време на Втората Светска војна. Не постои гаранција дека овие факти ќе бидат дискутирани во училницата откако учениците ќе се вратат од екскурзијата бидејќи учениците немаат некоја посебна причина за запомнување на овие детали (немало тест или повторување), но од круцијално значење е тоа што запомниле такви детали.

### 5.3. Истражувања во Австралија

На официјалната интернет страна на Универзитетот во Канбера, Австралија, покрај другите информации и истражувања се наоѓа и истражување кое го опфаќа и нашиот проблем. Оваа студија на случај ги опфаќа училишните екскурзии, нивното сфаќање, планирање и нивните ограничувања (UNDERSTANDING SCHOOL EXCURSION PLANNING AND CONSTRAINTS:AN AUSTRALIAN CASE STUDY - B. W. RITCHIE, D. COUGHLAN).[52]

Во оваа студија на случај првенствено се зборува за ограничувањата, бариерите и финансирањето на екскурзиите. За да се направи увид во ограничувањата и бариерите на училишните екскурзии, училиштата биле прашани дали биле во можност да реализираат онолку екскурзии колку што сакаат и само 23% одговориле потврдно. Поголемиот дел (77%) сметаат дека се ограничени од разни причини. Со помош на Ликертовата скала утврдено е дека најголема бариера се финансиските средства, како второ ограничување се смета оддалеченоста на местото каде што треба да се патува, потоа

[52]http://www.canberra.edu.au/researchrepository/file/e3ab8f53-1803-1708-da8d-4cd21e614af5/1/fulltext_published.pdf 29/11/14

релевантноста на наставната програма, распоредот, достапност на транспорт, недостаток на време, соодветно сместување, пристап до медицински установи, објекти за лица со посебни потреби итн. 46% од училиштата откриле дека тие добиваат средства за реализирање на наставните екскурзии. Тие средства произлегуваат од следните извори: придонеси од ученикот и родителот, програмата за државни посети (the Citizenship Visits Program) и спонзорства. Јавните училишта во споредба со приватните имаат тенденција да добијат поголема финансиска поддршка. Финансиските ограничувања поставени врз училишните екскурзии беа пронајдени како најголемата пречка. По завршувањето на истражувањето и предвидените анкети, и покрај пречките и ограничувањата за училишните екскурзии, училиштата се договориле во просек да остваруваат по 4 екскурзии годишно во просек од 454 км.

## 5.4. Анализа на видовите екскурзии во Р. Македонија

**Прангоски** прави теоретска анализа за критериумите за класификација на наставните екскурзии и врз основа на нив врши поделба на истите.

Р. Прангоски го наметнува прашањето: „Дали е можно при класификацијата на наставните екскурзии во основното образование да се диференцираат општи и единствени критериуми кои би допринеле за поголема дидактичка и методичка јаснотија.

Во мноштво од критериумите за класификација на наставните екскурзии кај повеќето автори постојат одредени неусогласености. Ваквите неусогласености во класификациите што ги вршат методичарите од разновидни наставни предмети се оправдани, бидејќи произлегуваат од природата и карактеристиките на наставната материја која се реализира во секој наставен предмет. Но, зачудува фактот дека помеѓу методичарите од иста наставен предмет, постојат големи разлики во дефинирањето на критериумите за класификација на екскурзиите.

Најприфатливо би било кога класификацијата на наставните екскурзии во основното образование се базира врз карактеристиките на наставниот програм по соодветен наставен предмет, но притоа истата да се

придржува и врз општите дидактички карактеристики на оваа форма на организација на наставата. Може да се констатира дека дидактичарите при класификација на екскурзиите немаат исто становиште за тоа кои се општите критериумите според кои се врши класификацијата. И кај методичарите по ист наставен предмет постои разногласие при дефинирањето како на критериумите за класификација така и при определувањето на видовите на наставни екскурзии во рамките на секој критериум. На овој начин се стекнува впечаток дека на наставните екскурзии како форма на организација на наставата им се приоѓа периферно т.е. тие се маргинализираат и не го добиваат заслуженото место.“[53]

Правејќи го прегледот на размислувањата и ставовите на мноштвото дидактичари и методичари во врска со поделбата на наставните екскурзии Р. Прангоски укажува на следното:

1. „При поделбата на наставните екскурзии очигледна е потребата најпрво да се утврдат критериумите според кои би се вршела нивната класификација, па дури потоа да се изврши внатрешната поделба во рамките на секој критериум.
2. Кога станува збор за методиките по наставните предмети се наметнува потребата од употребата на единствени критериуми и поделби на наставните екскурзии во рамките на ист предмет со што би се избегнале недоразбирањата.
3. Очигледно е дека секој од цитираните автори независно од тоа дали се дидактичари или пак методичари по некој наставен предмет вршат поделба на наставните екскурзии на тој начин што ги почитуваат карактеристиките на наставните предмети и возраста на учениците.“[54]

Врз основа на ова, Р. Прангоски ги дава следните „критериуми за класификација на наставните екскурзии во основното образование:

- Карактерот на целта и задачите на наставните екскурзии;
- Дидактичко-методичка концепција за реализација на наставните екскурзии т.е. функцијата (местото) на наставната екскурзија во наставниот процес;

[53]Прангоски, Р. (2010). Видови на наставни екскурзии. Скопје: *Просветно дело. бр.63/3*. стр. 103-104.
[54]Исто така, стр. 104.

- Обемот (широчината) на наставната содржина што треба да се реализира преку наставната екскурзија;
- Карактерот на содржината што се обработува со наставната екскурзија;
- Опфатеноста на учениците со наставната екскурзија;
- Местото на изведување на наставната екскурзија;
- Времетраењето на наставната екскурзија;
- Оддалеченоста на местото, објектите за реализација на наставната екскурзија.“[55]

Наставните екскурзии се одликуваат со тоа што имаат свои специфичности кои ги прават меѓусебно да се разликуваат по разновидни основи, но се одликуваат и со тоа што имаат определени заеднички карактеристики.

Според Р. Прангоски (2010) се очекува дека резултатите од овие истражувања ќе покажат дека во наставниот процес мора интензивно да се искористат можностите што ги дава оваа форма на организација на наставата и идните истражувања можат да одат во две насоки:

1. Истражување на можностите и оправданоста од примената на наставните екскурзии во наставата и
2. Унапредување на примената на наставните екскурзии во наставата и нејзините ефекти.

Сите овие истражувања на свој начин ќе придонесат за разјаснување на нашиот проблем на истражување, а воедно и претставуваат добра основа за понатамошно насочување во истражувањето. На овие наши простори нема голем број на истражувања во врска со екскурзиите иако обиди отсекогаш постојат, со желба да се сменат состојбите во позитивна насока. Низ добро осмислени истражувања може да се дојде до проверени податоци за можностите и ефектите од целенасочената и функционалната примена на наставните екскурзии, а не со стихијно изведените екскурзии, учениците да се задоволни затоа што успеале само за момент да побегнат од секојдневните четири ѕида на училницата.

При направената анализа друго нешто кое го забележавме е дека во актуелниот Правилник, екскурзиите во основните училишта се остваруваат

[55]Исто, стр. 105

само на територијата на Македонија, за разлика од Упатството каде што се зборува за екскурзии во странство и да се настојува, учениците прво да ја запознаат својата социјалистичка република, а потоа и другите социјалистички републики и покраини. За учениците од I, II и III одделение се препорачувало, екскурзиите да се планираат и организираат во рамки на општината, за учениците од IV, V и VI одделение во рамки на социјалистичката република, а за оние од VII и VIII одделение и во рамки на СФРЈ. Таквите екскурзии кога учениците оделе на екскурзија низ Југославија останаа во минатото и во сеќавањата на нашите предци. Во тоа време ваквите екскурзии биле дел од Програмите за ученичките екскурзии. Денес, екскурзиите во основното училиште се реализираат само на територијата на Р. Македонија, а во средните училишта се организираат екскурзии надвор од државата. Во прирачникот „Školske ekskurzije po Jugoslaviji“[56] од В. Дорофејев избрани се десет екскурзии кои се детално обработени. Овој прирачник нуди податоци за овие простори и неговата цел е да им помогне на водичите на ученичките групи и на учениците што подобро да се запознаат со овие простори како дел од еден регион низ кој се патува.

[56] V. Dorofejev. (1959). *Školske ekskurzije po Jugoslaviji*. Zagreb: Školska knjiga.

# II Дел

## Методологија на истражувањето







## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е програмската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште, проучувано низ следните аспекти:

- ставови на учениците за реализацијата на екскурзиите и нејзините можности и придонеси во учењето;
- ставови на наставниците во однос на програмската поставеност, реализација на наставните екскурзии можностите кои ги нудат екскурзиите;
- ставови на директорите на училиштата во однос на програмската поставеност и реализација на наставните екскурзии.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

**Целта** на ова истражување е да се испитаат ставовите и мислењата на учениците, наставниците и директорите во однос на програмската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште и за нивните придобивки и можности за учење.

Според својот **карактер** ова истражување е: применето, емпириско, современо, трансверзално, индивидуално,квантитативно и квалитативно.

Ова истражување е ***применето,*** затоа што е насочено кон решавање на практичен проблем, односно неговата цел е да го збогати научното сознание и да придонесе за педагошката теорија, откривајќи ги законитостите и односите меѓу појавите и да ја унапреди педагошката практика.

Истражувањето е ***емпириско***, бидејќи доминира индуктивниот метод и проблемот се проучува по пат на непосредно искуство, се користат искуствени факти и податоци и резултатите можат да бидат проверени во практиката.

Според временската насоченост ова истражување е ***современо,*** бидејќи проучува актуелен проблем. Секако за правилно согледување на појавите, потребно е да се познава нивната генеза, начинот на кој се дошло до нив и поради тоа, најчесто во овие истражувања се започнува со проучување на историскиот развој на појавата т.е. ***историско истражување.***

***Трансверзално*** истражување е затоа што со него се овозможува добивање еден вид пресек на појавата така како што се одвива таа во даден момент при различни услови.

***Дескриптивно*** истражување најчесто се однесува на современите појави. Ова истражување е неекспериментално, емпириско истражување, во кое се користи дескриптивниот метод, со кој појавите се запознаваат онакви какви што се, што значи се утврдува фактичката состојба на појавата.

***Индивидуално*** истражување е затоа што го спроведува еден истражувач.

***Квантитативно, но и квалитативно*** истражување, т.е. методолошка триангулација. Истражувањето се одвива во природна средина, не постои вештачки создадена ситуација и добиваме реална слика, бидејќи она што го истражуваме го гледаме низ призма на самите испитаници (наставници, ученици).

## 3. Задачи на истражувањето

Врз основа на поставената цел на истражувањето, поставени се следните задачи:

Задача 1: Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за тоа дали актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта“, претставува добра програмска основа за реализирање на ученичките екскурзии.

Задача 2: Да се согледа мислењето на наставниците за тоа дали ученичките екскурзиите се планираат и изведуваат согласно со актуелниот „Правилник за начинот на изведување на

ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта“.

Задача 3: Да се испита мислењето на наставниците, учениците и директорите, дали е потребно да се зголеми бројот на ученичките екскурзии од оној што е предвиден со актуелниот Правилник.

Задача 4: Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците и на учениците за придонесот на ученичките екскурзии за реализирање на воспитно-образовните задачи.

Задача 5: Да се согледа мислењето на наставниците дали се доволно компетентни за планирање и изведување на ученичките екскурзии.

Задача 6: Да се испита вклученоста на учениците при планирањето на ученичките екскурзии.

Задача 7: Да се согледа дали родителите на учениците се вклучени и навремено информирани со Програмата за реализација на екскурзиите.

Задача 8: Да се осознае дали наставниците пред одење на екскурзија ги информираат учениците за местата и објектите коишто ќе бидат посетени како и за нивните обврски и активности.

Задача 9: Да се испитаат ставовите на наставниците и учениците дали се задоволни од досегашната практика на реализирање на ученичките екскурзии.

Задача 10: Да се утврди дали учениците го согледуваат воспитно-образовното влијание од изведените екскурзии и да се осознае на кој начин ги доживуваат и толкуваат истите.

Задача 11: Да се испита дали наставниците превземаат завршни активности по изведените ученички екскурзии.

Задача 12: Да се утврди кој ги финансира екскурзиите на учениците и дали економските можности на учениците се пречка за нивното вклучување во екскурзиите.

Задача 13: Да се испита дали наставниците наидуваат на проблеми при планирањето и реализацијата на ученичките екскурзии.

## 4. Хипотези

### Општа хипотеза:

Учениците и наставниците имаат позитивни мислења и ставови во однос на програмската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште и нивните придобивки и можности за учење.

### Посебни хипотези:

Х1- Наставниците сметаат дека актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на основните училишта" претставува добра програмска основа за реализирање на ученичките екскурзии.

Х2- Ученичките екскурзиите се планираат и изведуваат согласно со актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на основните училишта".

Х3- Наставниците, учениците и директорите сметаат дека е потребно да се зголеми бројот на ученичките екскурзии од оној што е предвиден со актуелниот Правилник.

Х4- Наставниците и учениците имаат позитивно мислење за придонесот на ученичките екскурзии за реализирање на воспитно-образовните задачи.

Х5- Наставниците сметаат дека се доволно компетентни за планирањето и реализирањето на екскурзиите во наставниот процес.

Х6- Учениците не се вклучени во планирањето на ученичките екскурзии.

Х7- Родителите на учениците се вклучени во планирањето и навремено се информирани со Програмата за реализација на екскурзиите.

X8- Наставниците пред одење на екскурзија ги информираат учениците за местата и објектите коишто ќе бидат посетени и за нивните обврски и активности.

X9- Наставниците и учениците се задоволни од досегашната практика на реализирање на ученичките екскурзии.

X10- Учениците, ги доживуваат екскурзиите како излети и не го согледуваат нивното воспитно-образовно значење.

X11- Завршните активности кои треба да следат по изведувањето на екскурзијата не се превземаат секогаш.

X12- Екскурзиите ги финансираат родителите на учениците и економските можности не претставуваат пречка за нивното вклучување во екскурзиите.

X13- Наставниците наидуваат на проблеми при планирањето и реализацијата на ученичките екскурзии.

## 5. Варијабли

**Независни варијабли во ова истражување се:**

1. Категориите на испитаници: ученици, наставници и директори;
2. Работното искуство на наставниците;
3. Возраста на учениците.

**Зависни варијабли во ова истражување се:**

1. Ставовите на учениците, наставниците и директорите во врска со програмската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште и за нивните придобивки и можности за учење.

# 6. Методи, техники и инструменти на истражување

- **Методи**

Во ова истражување доминираше дескриптивниот метод, метод на теоретска и содржинска анализа и метод на генерализација.

- **Техники**

Во текот на истражувањето, а со цел да се реализираат поставените задачи и да се тестираат хипотезите , беа користени следните техники: интервјуирање, анкетирање, скалирање и анализа на содржина. Техниката на анкетирање и скалирање беше користена за испитување на ставовите и мислењата на наставниците и на учениците, а за испитување на програмската поставеност на екскурзиите и начинот на реализација беше спроведено интервју со директорите на училиштата. Техниката анализа на содржина беше користена при проучување на повеќе педагошки документи, како што се:

- Годишни програми за работа на училиштата, поконкретно, Програмата за екскурзии;
- Правилници за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта;
- Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните соработници;
- Закон за основно образование;
- Национална програма за развој на образованието во Р.Македонија 2005-2015 година;
- Концепција за деветгодишно основно образование;
- Наставни програми за деветгодишно основно образование.

- **Инструменти**

  Во истражувањето беа користени следните инструменти:

  - Анкетен лист (прашалник) за наставниците во однос на нивните ставови за планирањето, реализацијата и можностите кои ги нуди екскурзијата како наставна форма;
  - Анкетен лист (прашалник) за учениците во однос на реализацијата на екскурзиите и нејзините можности и придонеси во учењето;
  - Протокол за интервју, наменет за директорите на училиштата со цел да се испитаат нивните ставови за програмската поставеност и реализација на екскурзиите.
  - Чек-листа за Програмата за екскурзии, која е дел од Годишната програма на училиштето.

## 7. Популација и примерок

Во истражувањето се користеше едноставен случаен примерок со кој беа опфатени три популациони категории и тоа ученици, наставници и директори од основните училишта во градот Охрид.

Популацијата на ова истражување ја сочинуваа сите основни училишта во подрачјето на Општина Охрид. Примерокот на училиштата опфатени со истражувањето е определен по пат на случаен избор. Во ова истражување опфатени се ученици од III и VI одделение. Популацијата ученици ја сочинуваа сите ученици од III и VI одделение од основните училишта кои се опфатени во истражувањето, а популацијата наставници беа сите одделенски наставници, одделенските раководители на предметна настава и популацијата директори беа директорите на основните училишта во Охрид.

Структурата на примерокот според категоријата на испитаници и основни училишта е презентирана во следните табели.

- **Примерок на училишта**

По случаен избор беа избрани три основни училишта од Охрид и тоа: ОУ „Христо Узунов“, ОУ „Григор Прличев“ и ОУ „Климент Охридски“.

- **Примерок на ученици**

Примерокот на ученици го сочинуваа по 20 ученици од III и VI, избрани по случаен избор од секое од училиштата опфатени со истражувањето или вкупно примерокот го сочинуваа 120 ученици.

Табела 2. *Структура на ученици по одделенија, пол и училишта*

| Основно училиште | ОУ„Христо Узунов“ | | ОУ„Григор Прличев“ | | ОУ„Климент Охридски“ | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одделение | III | VI | III | VI | III | VI | |
| Машки пол | 6 | 6 | 8 | 7 | 10 | 10 | 47 |
| Женски пол | 14 | 14 | 12 | 13 | 10 | 10 | 73 |
| Вкупно | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 20 | 120 |

- **Избор на примерок на наставници и директори**

Примерокот на наставници го сочинуваа вкупно 70 одделенски и предметни наставници од основните училишта опфатени со истражувањето. Примерокот на директори кои беа интервјуирани се директорите од трите основни училишта во кои се реализираше истражувањето.

Табела 3. *Структура на наставници во основните училишта*

| Основно училиште | ОУ„Христо Узунов“ | ОУ„Григор Прличев“ | ОУ„Климент Охридски“ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Одделенски наставник | 18 | 17 | 13 | 48 |
| Предметен наставник | 7 | 8 | 7 | 22 |
| Вкупно | 25 | 25 | 20 | 70 |




Графикон 1. *Графичко прикажување на примерокот*

## 8. Статистичка обработка на податоците

Согласно со методите, техниките и инструментите кои беа користени во истражувањето, се применети неколку постапки за обработка на податоците. Резултатите до кои дојдовме со користење на истражувачките техники анкетирање и интервјуирање, се претставени бројчано, процентуално и графички, односно податоците се претставени со фрекфенции , пресметан е процент и Хи-квадрат онаму каде што (не)постои определена разлика меѓу одделни варијабли. Резултатите од Чек-листата наменета за Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето и еден дел од резултатите добиени со интервјуто, дескриптивно се анализирани.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Истражувањето беше спроведено во второто полугодие на учебната 2016/2017 год. Во тој период беа анкетирани сите субјекти кои го сочинуваа примерокот на наставници, ученици и директори во истражувањето. Анкетите, кои беа анонимни, со цел да обезбедат поголема објективност, им беа доставени на учениците и наставниците.

Во истиот период се реализираше и интервјуто со директорите на училиштата, кои одговорија на низа прашања кои претходно беа осмислени.

Исто така беше извршена и анализа на содржина преку предвидената чек-листа за Програмата за екскурзии која беше дел од Годишната програма за работа на училиштето.

# III Дел

## Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето



Во овој дел од магистерскиот труд се обидовме на најсоодветен начин да ги претставиме резултатите од истражувањето добиени по пат на анкетирање, интервјуирање и анализа на содржина.

Обработката на добиените податоци беше заснована на видот, целите и на задачите кои ги дефиниравме во истражувањето. Водејќи се од овие параметри користевме квантитативно - квалитативна анализа.

При квантитативната обработка, во делот на статистичката анализа, податоците ги групиравме со помош на постапки за дескриптивна статистика, преку табеларно и графичко претставување на податоците, дистрибуција на фреквенција (f) и податоците ги изразивме во процентуални износи, односно пресметавме процент (%) и Хи-квадрат ($X^2$).

Со цел да имаме полесна анализа и интерпретација на податоците, резултатите ги анализираме во два дела. Во првиот дел ќе бидат анализирани податоците добиени од анкетирањето на учениците и наставниците и добиените одговори на прашањата од протоколот за интервјуто со директорите на основните училишта. Во вториот дел ги анализираме добиените податоците од чек-листата во врска со Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето (која е составен дел од Годишната програма за работа на училиштето).

# 1. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од анкетирањето и интервјуирањето

Почнуваме со наизменично анализирање на тврдењата од анкетните прашалници наменети за учениците, наставниците и протоколот за интервју со директорите.

Првата хипотеза на нашето истражување, гласи: наставниците сметаат дека актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта" претставува добра програмска основа за реализирање на ученичките екскурзии. На оваа хипотеза соодвествува второто тврдење од прашалникот за наставници, кое гласи:

- *Правилникот добро ги регулира прашањата во врска со подготовката и реализацијата на ученичките екскурзии.*

Табела 4. *Ставови на наставниците во однос на тоа, дали Правилникот добро ги регулира прашањата во врска со подготовката и реализација на екскурзиите*

| **Реден број** | **Тврдење** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| 2. | Правилникот добро ги регулира прашањата во врска со подготовката и реализацијата на ученичките екскурзии (наставник) | f | % | f | % | f | % |
| | | 34 | 48,6 | 36 | 51,4 | 0 | 0,0 |

Карактерот и содржината на наставата по природни науки, целите и задачите определени со наставната програма, како и возраста на учениците во првите два циклуси од основното образование, бара еден дел од наставата да се изведува надвор од училницата, во непосредната околина или подалеку од училиштето. Во однос на тоа, потребно е организирање на непосредно набљудување на природните и општествените појави поради нивно подобро запознавање. Всушност таа форма на настава се екскурзиите, кои се предмет на ова истражување. Од добиените резултати дојдовме до заклучок дека 48,6% се согласуваат, а 51,4% од наставниците делумно се согласуваат со второто тврдење. Иако резултатите се многу блиски, сепак може да констатираме дека нашата хипотеза делумно се потврдува (наставниците делумно се согласуваат со Правилникот како добра програмска основа за реализирање на ученичките екскурзии).

Во продолжение на ова истражување ќе дознаеме, дали и во колкав процент, екскурзиите се изведуваат во согласност со Правилникот.

Нашата претпоставка, односно втората хипотеза гласи: ученичките екскурзиите се планираат и изведуваат согласно со актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на основните училишта“ и на неа одговараат четири тврдења од прашалникот за наставници (тврдење бр. 1, 5, 12 и 16) и првите три прашања од интервјуто со директорите.

Табела 5. *Ставови на наставниците во врска со тоа дали подготовката и реализацијата на ученичките екскурзии е во согласност со Правилникот*

| **Реден број** | **Тврдења** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 1. | Запознаен/а сум со „Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта“ (наставник) | 43 | 61,4 | 25 | 35,7 | 2 | 2,9 |
| 5. | Екскурзиите ги планирам на почеток на учебната година во годишниот план за работа (наставник) | 60 | 85,7 | 10 | 14,3 | 0 | 0,0 |
| 12. | Училишниот одбор формира посебен стручен тим за подготовка Програмата за екскурзии (наставник) | 50 | 71,4 | 11 | 15,7 | 9 | 12,9 |
| 16. | Екскурзиите се организираат и реализираат на места и локалитети што се предвидени со актуелниот Правилник (наставник) | 65 | 93,0 | 5 | 7,0 | 0 | 0,0 |

Од резултатите може да се согледа дека во висок процент (на првото тврдење – 61,4%, на петтото тврдење – 85,7%, на дванаесеттото тврдење - 71,4

и на шеснаесеттото тврдење – 93,0%) наставниците се согласуваат со тврдењата, односно дека екскурзиите се планираат и реализираат во согласност со дадениот Правилник. Нашите сознанија укажуваат на тоа дека наставниците максимално се трудат да ја реализираат наставната програма, затоа што тоа се бара од нив и бидејќи се изложени на инспекции од Државниот просветен инспекторат и од Бирото за развој на образование, повеќе се залагаат за административниот дел отколку за придобивките и можностите кои ги нудат екскурзиите. Всушност наставниците се директни реализатори на таа програма и токму тие треба да се прашаат што е тоа што треба да се промени во програмите. Нивните ставови беа дека треба да имаат поголема слобода, во однос на тоа, доколку им се укаже потреба за некоја наставна екскурзија, таа да се изведе иако претходно не била испланирана.

Наша обврска е да ги анализираме сите прашања, иако некои од прашањата се повторуваат, меѓутоа, целта е да се согледаат мислењата и ставовите од различните категории на испитаници. Следните прашања беа наменети за директорите.

*Прашање бр.1*

- *Кој ги планира и организира екскурзиите во основното училиште?*

*Одговори:*

- *Стручен тим, составен од директор, одделенски раководители и други наставници;*
- *Директорот;*
- *Директорот и наставниците.*

*Прашање бр.2*

- *Дали при организацијата на екскурзиите се придржувате до местата и локалитетите кои се предвидени со Правилникот за изведување на екскурзии?*

*Одговор:*

- *Да.*

*Прашање бр.3*

- *По кој основ определувате кој локалитет во кое одделение да се посети?*

*Одговори:*

- *По Правилникот;*
- *Според наставната програма.*

Од овие одговори на наставниците и директорите може да заклучиме дека планирањето на екскурзиите е во согласност со Правилникот, затоа што во него стои кој треба да ги планира, кога да се планираат екскурзиите и кои места и локалитети да се посетат. Со ова може да се потврди нашата хипотеза дека ученичките екскурзиите се планираат и изведуваат согласно со актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на основните училишта", затоа што така мора и затоа што законски се принудени, но тоа незначи дека се согласуваат со Правилникот, како што погоре споменавме.

Тука може да ги продискутираме и четврттото и петтото прашање наменети за директорите.

*Прашање бр.4*

- *Што е она што се промени во организирањето и изведувањето на екскурзиите, со новиот Правилник од 2014 год.?*

*Одговори:*

- *Возраста на учениците;*
- *Пред да ја одобри Училишниот одбор, за секоја програма за екскурзии и други слободни активности, која ја изработува стручниот тим, одделно мислење дава Советот на родители, Бирото за развој на образованието и Советот на општината, најмалку 30 дена пред нивното изведување;*
- *На денот на потпишувањето на договорот избраниот понудувач доставува банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзијата и другите слободни активности во висина од 5-15 % од вкупната вредност на договорот.*

*Прашање бр.5*

- *На кој начин и врз основа на што ги планиравте екскурзиите пред донесувањето на Насоки за изведување на екскурзии од страна на МОН во 2007 год.?*

*Одговор:*

- *Врз основа на наставната програма.*

Промените кои се направени со Правилникот од 2017 година, покрај стручно-педагошки, за директорите од круцијално значење се промените од техничко-организационен и безбедносен карактер, во однос на туристичките агенции, тендерите, банкарската гаранција, известување на полицијата, техничка исправност на автобусите и сл. За разлика од директорите, наставниците се изјаснаа дека имаат потреба од изведување на повеќе екскурзии. Резултатите за тоа се дадени во следната табела со што се надоврзуваме и на третата хипотеза, која гласи: наставниците, учениците и директорите сметаат дека е потребно да се зголеми бројот на ученичките екскурзии од оној што е предвиден во актуелниот Правилник. Истото тврдење стои во трите инструменти кои се наменети за наставниците (тврдење бр. 14), учениците (тврдење бр. 17) и директорите (прашање бр.6). Добиените резултатите се претставени во табела 6 и графикон 2.

Табела 6. *Ставови на наставниците и учениците во врска со зголемување на бројот на екскурзиите*

| **Реден број** | **Тврдења** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 14. | Потребно е да се зголеми бројот на екскурзиите од оној што е предвиден со актуелниот Правилник (наставник) | 39 | 55,7 | 19 | 27,1 | 12 | 17,2 |
| 17. | Сакаме да се организираат повеќе екскурзии (ученик) | 120 | 100,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |

$X^2 = 63{,}503$  df = 2  $p < 0{,}01$

Добиената вредност на Хи квадрат тестот покажува дека постои статистички значајна разлика во одговорите на наставниците и учениците кои се однесуваат на прашањето за зголемување на бројот на екскурзии, на ниво на значајност од 0,01. Добиените резултати за ставовите на наставниците и учениците може да се генерализираат со 99% сигурност,

затоа што степенот за веројатност p за случајна разлика или грешка е помал од 0,01. Разликата во одговорите се состои во тоа што учениците кои беа опфатени со истражувањето, по однос на ова прашање едногласно одговорија со согласување т.е. дека сакаат да се организираат повеќе екскурзии, за разлика од наставниците чии ставови беа поделени (55,7% сметаат дека има потреба од повеќе екскурзии, 27,1% делумно се согласуваат по однос на ова прашање и 17,2% сметаат дека нема потреба од зголемување на предвидениот број на екскурзии).

Од протоколот за интервју со директорите:

*Прашање бр.6*

- *Кое е Вашето мислење за бројот на екскурзии во основното училиште? Дали сметате дека треба да се зголеми?*

*Одговор:*

- *Бројот на екскурзии во основните училишта е сосема доволен и нема потреба да се реализираат повеќе екскурзии од оние кои се предвидени со Правилникот.*




Графикон 2. *Ставови за зголемување на бројот на екскурзии*

Од претставените резултати во табелата и графиконот може да ја видиме хетерогеноста во ставовите и размислувањата на различните категории на испитаници, во основните училишта, во однос на прашањето за зголемување на бројот на екскурзии. Учениците едногласно одговориле дека сакаат да се организираат повеќе екскурзии, за разлика од директорите кои сметаат дека бројот на екскурзии е сосема доволен и нема потреба од повеќе. Ставовите на наставниците не се во согласност со оние на директорите, тие се поделени, но повисок процент 55,7%, сметаат дека има потреба од повеќе екскурзии, 27,1% делумно се согласуваат, а 17,2% сметаат дека нема потреба да се зголеми бројот на екскурзии. Врз основа на добиените резултати третата хипотеза се потврдува.

Следните тврдења ги групираме во една табела поради нивната сродност. Тие се однесуваат на четвртата хипотеза од нашето истражување која гласи: Наставниците и учениците имаат позитивно мислење за придонесот на ученичките екскурзии во реализирањето на воспитно-образовните задачи.

Табела 7. *Ставови на наставниците и учениците за придонесот на екскурзиите во реализирање на воспитно-образовните задачи*

| **Реден број** | **Тврдења** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 7. | Екскурзиите имаат големо воспитно-образовно значење за учениците (наставник) | 55 | 78,6 | 15 | 21,4 | 0 | 0,0 |
| 8. | На екскурзиите, на учениците многу полесно може да им се објаснат некои наставни содржини, отколку во училницата (наставник) | 51 | 72,9 | 19 | 27,1 | 0 | 0,0 |
| 10. | Со екскурзиите се развива детската љубопитност, способноста за набљудување и воочување (особено кај | 65 | 92,9 | 4 | 5,7 | 1 | 1,4 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | учениците од пониските одделенија) (наставник) | | | | | | |
| 11. | Екскурзијата придонесува за подобрување на наставниот процес и надминување на вербализмот (наставник) | 59 | 84,3 | 10 | 14,3 | 1 | 1,4 |
| 3. | Нашиот наставник ни објаснува зошто се значајни екскурзиите (ученик) | 85 | 70,8 | 23 | 19,2 | 12 | 10,0 |
| 8. | Екскурзијата ни помага да истражуваме и полесно да научиме некоја лекција (ученик) | 98 | 81,7 | 19 | 15,8 | 3 | 2,5 |
| 9. | Кога одиме во природа ги набљудуваме предметите и притоа правиме забелешки (ученик) | 77 | 64,2 | 33 | 27,5 | 10 | 8,3 |
| 11. | Кога учиме некоја лекција надвор во блиската околина, полесно и подолго ја помниме, отколку кога учиме во училницата (ученик) | 87 | 72,5 | 26 | 21,7 | 7 | 5,8 |
| 12. | Со реализацијата на екскурзиите ни се разјаснуваат содржините коишто ги учиме (ученик) | 83 | 69,2 | 31 | 25,8 | 6 | 5,0 |

Претставените резултати укажуваат на големото воспитно-образовно значење на екскурзиите. Екскурзијата е погодна за воспоставување правилни, соработнички, другарски, меѓусебни односи и развивање на способноста за набљудување, воочување и будење на детската љубопитност. Учениците ја запознаваат стварноста преку процесот на заклучување (го поврзуваат знаењето со природата и животот), исто така наставата се поврзува со стварноста и кај учениците се формира правилен и реален поглед на светот и учениците ги запознаваат предметите и појавите во нивната

природна средина и животни услови. Екскурзиите, во голема мера, на учениците им помагаат за полесно и поцелосно совладување на наставните содржини, пред се, од природното подрачје, кои подоцна ќе се карактеризираат со поголема практичност и функционалност во понатамошниот живот.

Согледувајќи ги резултатите за неизмерното значење на екскурзиите, слободно може да кажеме дека и оваа хипотеза се потврдува и тоа со висок процент од страна на наставниците и учениците. Резултатите се претставени и со следниот графикон.




Графикон 3. *Ставови на наставниците и учениците за придонесот на екскурзиите во реализирање на воспитно-образовните задачи*

Петтата хипотеза се однесува на компетентноста на наставниците за планирање и изведување на екскурзии како и потреба од обуки и семинари во врска со тој проблем. Во ова истражување хипотезата гласи: Наставниците сметаат дека се доволно компетентни за планирањето и реализирањето на екскурзиите во наставниот процес. Во следната табела претставени се резултатите (од тврдење бр. 3 и 4) добиени со прашалникот за наставници.

Табела 8. *Ставови на наставниците во однос на нивната компетентност за планирање и изведување на наставни екскурзии*

| **Реден број** | **Тврдења** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 3. | Потребна ми е обука за успешно планирање и изведување на наставни екскурзии (наставник) | 12 | 17,2 | 15 | 21,4 | 43 | 61,4 |
| 4. | Сметам дека сум доволно компетентен/на за планирање на екскурзии за потребите на предметите кои ги предавам (наставник) | 49 | 70,0 | 18 | 25,7 | 3 | 4,3 |

Од протоколот за интервју со директорите:

*Прашање бр.7*

- *На кој начин наставниците се оспособени за планирање и изведување на екскурзии? Дали некогаш посетувале некои семинари или обуки во однос на овој проблем?*

*Одговор:*

- *Наставниците, досега не посетувале семинари и обуки во однос на планирање и изведување на екскурзии и нема потреба од тоа, бидејќи тие се доволно компетентни за истите.*

Од добиените резултати, 70,0% од наставниците високо ја оценуваат својата компетентност за примена на екскурзиите во наставниот процес. Директорите на трите училишта во кои се вршеше истражувањето, едногласно одговорија дека наставниците се оспособени за планирање и изведување на екскурзии и дека нема потреба да посетуваат никакви обуки или семинари во врска со тоа, а исто така и поголем дел од наставниците т.е. 61,4% го делат ова мислење, со што може да констатираме дека хипотезата е потврдена.

Од нашите сознанија и од досегашната практика на изведувањето на екскурзиите, ние сметаме дека наставниците и покрај својата самоувереност во однос на планирањето на екскурзиите, имаат потреба од обуки и семинари поврзани со оваа проблематика. Првичната цел, би била, најнапред да им се појаснат поимите (излет, прошетка, посета, настава во природа) кои многу често ги поистоветуваат со поимот екскурзија и потоа доаѓа до заблуда кај наставниците и неусогласеност на програмската поставеност со реализацијата.

Следната хипотеза се однесува на вклученоста на учениците во планирањето на ученичките екскурзии. Наша претпоставка е дека учениците не се вклучени во планирањето на екскурзиите. Во следната табела ќе ги претставиме ставовите на учениците (тврдење бр. 1) и наставниците (тврдење бр.6) по однос на ова прашање.

Табела 9. *Ставови на наставниците и учениците за вклученоста на учениците при планирањето на екскурзиите*

| **Реден број** | **Тврдење** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 1. | Учествуваме во планирањето на екскурзиите (ученик) | 45 | 37,5 | 27 | 22,5 | 48 | 40,0 |
| 6. | Учениците се вклучени во планирањето на екскурзиите (наставник) | 9 | 12,8 | 41 | 58,6 | 20 | 28,6 |

$X^2 = 27{,}129$ $df = 2$ $p < 0{,}01$

Добиената вредност на Хи квадрат тестот покажува дека постои статистички значајна разлика во одговорите на наставниците и учениците кои се однесуваат на прашањето за вклученоста на учениците во планирање на екскурзиите, на ниво на значајност од 0,01. Од вкупниот број анкетирани ученици, 37,5% се согласуваат дека учествуваат во планирањето на екскурзиите, за разлика од наставниците, кои само 12,8% се согласуваат во однос на тоа. Сепак, она што оди во наш прилог, е дека поголем процент од

учениците, 40,0%, сметаат дека не учествуваат во планирањето на екскурзиите, а 22,5% делумно се согласуваат со тоа. Спротивно од нив, поголем процент од наставниците 58,6% делумно се согласуваат, а 28,6% не се согласуваат во однос на вклученоста на учениците во планирањето на екскурзиите. Со цел да изведеме заклучок, во продолжение ги прикажуваме ставовите од директорите во однос на вклученоста на учениците во планирање на екскурзиите:

*Прашање бр.9*

- *Дали учениците се вклучени во планирањето и подготовката на екскурзиите?*

*Одговор:*

- *Учениците не се вклучени во планирањето на екскурзиите.*

Од ова може да констатираме дека постои хетерогеност во одговорите на наставниците и учениците, за разлика од директорите кои го делат истото мислење, а тоа е дека учениците не се вклучени во планирањето на екскурзии. Сето тоа е позитивно, затоа што, иако постои разлика во одговорите на испитаниците, добиените резултати може да се генерализираат со 99% сигурност, затоа што веројатноста (p) е помала од 0,01, што значи дека хипотезата е потврдена.

Во продолжение следи графичко претставување на добиените податоци, за ставовите на различните групи на испитаници (ученици, наставници и директори), во однос на вклученоста на учениците во планирањето на екскурзиите. И од овој графикон, како и од табела 9., може да се согледаат ставовите со кои се потврдува хипотеза 6, која гласи: учениците не се вклучени во планирањето на ученичките екскурзиите.




Графикон 4. *Ставови на учениците и наставниците за вклученоста на учениците во планирањето на екскурзиите*

Седмата хипотеза ја опфаќа вклученоста и информираноста на родителите на учениците со Програмата за реализација на екскурзии. Овде имаме едно тврдење во прашалникот за ученици (тврдење бр. 2), едно во прашалникот за наставници (тврдење бр. 15) и едно прашање (прашање бр.8) во интервјуто наменето за директорот, со цел да ги согледаме ставовите на трите различни субјекти.

Табела 10. *Ставови на наставниците и учениците за вклученоста и информираноста на родителите со Програмата за реализација на екскурзии*

| **Реден број** | **Тврдења** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 2. | Нашиот наставник навремено ги известува нашите родители за изведувањето на екскурзиите (ученик) | 110 | 91,6 | 8 | 6,7 | 2 | 1,7 |
| 15. | Родителите на учениците навремено се информирани за Програмата и реализацијата на екскурзиите (наставник) | 65 | 92,9 | 5 | 7,1 | 0 | 0,0 |

$X^2 = 1,174$ $df = 2$ $p > 0,05$

Пресметаниот Хи квадрат тест кој изнесува 1,174 не е статистички значаен и укажува на тоа дека не постои разлика во одговорите на наставниците и учениците. Висок процент (92,9%) од наставниците и исто така висок процент од учениците (91,6%), сметаат дека родителите се навремено информирани за реализацијата на предвидените екскурзии. Сето ова оди во прилог на тврдењето дека, родителите се вклучени и информирани со Програмата за екскурзии, со што хипотезата се потврдува.

Во интервјуто наменето за директорите осмото прашање се однесува на вклученоста на родителите во планирањето на екскурзиите.

*Прашање бр.8*

- *На кој начин се вклучени родителите во планирањето на екскурзиите?*

*Одговори:*

- *Совет на родители;*
- *Родителски средби.*

Со оглед на процентуалното претставување на резултатите, слободно може да кажеме дека хипотезата се потврдува гледано од трите страни. Учениците со 91,6%, наставниците со 92,9% се согласуваат, а директорите се изјасанле дека родителите се вклучени во планирањето на екскурзиите преку Совет на родители и навремено се известуваат преку родителски средби, најдоцна 7 дена пред изведување на екскурзиите. Неопходно е информирање на родителите преку родителски состаноци. Иако тие се во тек со прашањата во врска со екскурзијата преку своите деца, наставникот е должен да одржи заеднички состанок, на кој родителите ќе ги добијат потребните информации во врска со екскурзијата. Некои од родителите може и активно да се вклучат во подготовките и организирањето на екскурзиите, што исто така е корисно. И како резултат на тоа, може да се каже дека хипотезата се прифаќа врз основа на претходно презентираните ставови (на трите групи на испитаници), меѓу кои не постојат значајни разлики.

Хипотеза осум гласи: Наставниците пред одење на екскурзија ги информираат учениците за местата и објектите коишто ќе бидат посетени и за нивните обврски и активности. Двете тврдења (тврдење бр. 4 и 5), кои се во согласност со оваа претпоставка ќе ги изнесеме во следната табела.

Табела 11. *Ставови на учениците за нивната информираноста од страна на наставникот за местата и објектите кои ќе ги посетат, како и нивните обврски и активности за време на екскурзијата*

| Реден број | Тврдења | Категории на одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 4. | Наставникот пред одење на екскурзија не информира кои места и објекти ќе ги посетиме (ученик) | 107 | 89,2 | 9 | 7,5 | 4 | 3,3 |
| 5. | Пред да одиме на екскурзија наставникот ни ги кажува нашите активности, обврски и должности (ученик) | 99 | 82,5 | 16 | 13,3 | 5 | 4,2 |

Во однос на оваа хипотеза нема дилема, таа со сигурност се потврдува врз основа на добиените резултати. Висок процент, односно 89,2% од учениците се согласуваат во однос на четвртото тврдење и 82,5% од учениците со согласуваат со петтото тврдење.

Како што претходно споменавме, според Б. Ампов, покрај информирањето за местата и објектите кои ќе се посетат во подготовката на учениците за екскурзијата спаѓа и повторување на наставните содржини кои се во непосредна врска со содржината што ќе се третира на екскурзијата, во општи црти информирање на учениците за значењето и содржината на екскурзијата, за тоа што конкретно ќе набљудуваат и со какви знаења ќе се здобијат, каков прибор за работа со себе да понесат, какви алишта, чевли или друг личен прибор и сл. На учениците , исто така, им се обрнува внимание за тоа какво треба да биде нивното однесување во текот на екскурзијата (за време на патувањето до местото или објектот, за време на престојувањето) за да не дојде до некакви непосакувани проблеми.

Една од задачите во истражувањето беше да се испитаат ставовите на наставниците и учениците дали се задоволни од досегашната практика на реализирање на ученичките екскурзии. Оваа задача соодвестува на деветата

хипотеза. Во следната табела ќе ги претставиме резултатите од тврдење бр. 13 од прашалникот за наставници и тврдење бр. 16 од прашалникот за ученици.

Табела 12. *Ставови на учениците и наставниците во врска со задоволството од досегашната практика на реализирање на ученичките екскурзии*

| **Реден број** | **Тврдења** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 13. | Задоволен/на сум од досегашната практика на реализирање на екскурзиите во нашето училиште (наставник) | 40 | 57,1 | 24 | 34,3 | 6 | 8,6 |
| 16. | Задоволни сме од екскурзиите кои досега се реализирани (ученик) | 106 | 88,3 | 12 | 10 | 2 | 1,7 |

$X^2 = 24{,}366$ $df = 2$ $p < 0{,}01$

Добиената вредност на Хи квадрат тестот покажува дека постои статистички значајна разлика во одговорите на наставниците и учениците во врска со задоволството од досегашната практика на реализирање на ученичките екскурзии. Висок процент (88,3%) од учениците се задоволни од екскурзиите кои досега се реализирани, за разлика од наставниците, каде што мислењата се поделени (57,1% се задоволни од досегашната практика на реализирање на екскурзиите, 34,3 делумно се согласуваат со тоа и 8,6% не се согласуваат со ова тврдење). И покрај тоа што постојат разлики во ставовите на учениците и наставниците, добиените резултати може да се генерализираат со 99% сигурност, бидејќи степенот за веројатност за случајна грешка или разлика е помал од 0,01.




Графикон 5. *Ставови на учениците и наставниците во врска со задоволството од досегашната практика на реализирање на ученичките екскурзии*

Со резултатите кои ги претставивме табеларно и графички, ја потврдуваме деветтата хипотеза со 77%, во однос на задоволството од досегашната практика на реализирање на екскурзиите. Само 34,3% од наставниците делумно се согласуваат и 8,6% не се согласуваат со тврдењето, односно не се задоволни од досегашната практика. Всушност овој мал дел се тие кои ни дадоа свои предлози и сугестии во однос на тоа што треба да се промени, а ќе ги анализираме во понатамошниот дел од трудот.

Десеттата хипотеза е исто така многу дискутабилна во однос на ставовите на учениците за тоа дека екскурзиите ги доживуваат како излети и не го согледуваат нивното воспитно-образовно значење. Тоа е наша претпоставка, а од добиените резултати од шестото и седмото тврдење од прашалникот наменет за учениците ќе донесеме правилен заклучок.

Табела 13. *Ставови на учениците за екскурзиите*

| **Реден број** | **Тврдења** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 6. | Екскурзиите се излети на кои се забавуваме (ученик) | 93 | 77,5 | 23 | 19,2 | 4 | 3,3 |
| 7. | За време на екскурзиите, ние се рекреираме и си играме со нашите другарчиња (ученик) | 97 | 80,8 | 17 | 14,2 | 6 | 5,0 |

Од табелата може да се согледа дека и на двете тврдења, учениците во висок процент (77,5% на првото и 80,8 на второто тврдење), одговориле со согласување дека екскурзиите се излети на кои се рекреираат и си играат. Тука ги надоврзуваме и 18 и 19 прашање (од отворен тип) од прашалникот за ученици.

Прашање бр. 18

- Напишете што Ви е најинтересно на екскурзиите?

Прашање бр. 19

- Напишете што не Ви се допаѓа на екскурзиите?

Табела 14. *Ставови на учениците во однос на тоа што им е најинтересно и што не им се допаѓа на екскурзиите*

| **Што Ви е најинтересно?** | **Што не Ви се допаѓа?** |
|---|---|
| » Играме, се дружиме и забавуваме; | » Фрлање отпадоци во автобус и во околината; |
| » Играме разни игри и танцуваме; | » Храната во хотелите; |
| » Рекреирање; | » Нечистите соби и стари хотели; |
| » “Пижама party”; | » Ако треба рано да станеме; |
| » Играње фудбал; | » На некои екскурзии патувањето е подолго, отколку разгледувањето; |
| » Губење часови; | » Тоа што се еднодневни и кратко траат; |
| » Возење со автобус; | » Несогласување помеѓу учениците; |

| | |
|---|---|
| » Сместување во хотел; | » Тоа што многу ретко одиме на екскурзија; |
| » Запознаваме нови другари; | » Неорганизираноста; |
| » Ги запознаваме другите градови; | » Возење во автобус; |
| » Посета на културни споменици, музеи, стари градби, археолошки наоѓалишта и сл.; | » Чекање многу време за сместување во хотелот; |
| » Посета на зоолошката градина (особено кога бевме кај нојот); | » Кога нема клима во автобусот; |
| » Набљудуваме, истражуваме и полесно учиме; | » Викање и тепање помеѓу соучениците; |
| » Кога одиме на подалечни екскурзии кои траат повеќе денови; | » Тоа што животните се во кафези; |
| » Кога одиме на места на кои никогаш претходно не сме биле; | » Кога ја нервираме наставничката; |
| » Кога бевме во посета на аеродромот. | » Нечиста околина. |

Според овие гледишта на учениците, екскурзијата има за задача да ги рекреира или одмара, во форма на своевидно патување заради одмор и рекреација и врз основа на ова доаѓа до губење на воспитно-образовното значење на екскурзијата и нејзиното позитивно и корисно влијание на учениците и за жал преовладува забавно-рекреативниот карактер како единствено и најзначајно обележје. Десетата хипотеза која гласеше: учениците, ги доживуваат екскурзиите како излети и не го согледуваат воспитно-образовното значење на наставните екскурзиите, со овие ставови се потврди во целост.

Покрај планирањето и изведувањето на екскурзиите, многу значаен момент е и завршната активност која се превзема по извршената екскурзија. Нашата хипотеза е дека завршните активности кои треба да следат по изведувањето на екскурзијата не се превземаат секогаш. Од одговорите на следните тврдења ќе видиме дали оваа хипотеза се потврдува или се отфрла.

Табела 15. Ставови *на наставниците и учениците во однос на превземање на завршни активности по реализирана екскурзија*

| **Реден број** | **Тврдења** | **Категории на одговори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 13. | По завршувањето на екскурзиите, разговараме во училницата за нашите впечатоци (ученик) | 108 | 90,0 | 10 | 8,3 | 2 | 1,7 |
| 14. | Секој од нас ги кажува своите забелешки и мислења од екскурзијата (ученик) | 99 | 82,5 | 21 | 17,5 | 0 | 0,0 |
| 15. | Основните елементи од екскурзијата ги запишуваме на табла и на крај повторуваме (ученик) | 36 | 30,0 | 24 | 20,0 | 60 | 50,0 |
| 9. | После секоја извршена екскурзија, остваруваме завршни активности во училница и пишувам извештај за истата (наставник) | 52 | 74,3 | 17 | 24,3 | 1 | 1,4 |

Во овој дел ќе го вметнеме и десеттото прашање од интервјуто со директорите.

*Прашање бр.10*

- *Дали се пишува извештај за секоја екскурзија и која е неговата улога?*

*Одговор:*

- *Да, се пишува извештај за секоја екскурзија и потоа се презентира на Наставнички Совет пред останатите наставници. Улогата на извештајот е да се истакнат предвидените цели и задачи и во колкав процент тие се*

*оствариле и да се согледа воспитно-образовното значење на екскурзијата.*

90% од учениците одговориле дека по завршувањето на екскурзиите, разговараат за нивните впечатоци, 82,5% одговориле дека секој од нив ги кажува своите забелешки и мислења за екскурзијата, ставовите на директорите и наставниците со 74,3% се согласуваат дека после секоја извршена екскурзија остваруваат завршни активности и пишуваат извештај за истата, што значи дека нашата хипотеза се отфрла, т.е. не е прифатена. Нашето мислење беше дека наставниците не секогаш превземаат завршни активности по реализираната екскурзија, но во овој случај истражувањето го покажа спротивното, односно дека се превземаат завршни активности во врска со пишување извештај, разговарање за впечатоците, кажување на забелешки и мислења.

Глобално гледано и пресметано со овие резултати се докажува дека се превземаат поголемиот дел од завршните активности, но, една многу значајна активност, изостанува, всушност тоа го согледуваме со петнаесеттото тврдење од прашалникот за учениците, кое гласи: Основните елементи од екскурзијата ги запишуваме на табла и на крај повторуваме, 50% од учениците не се согласуваат со тоа. Мора да напоменеме дека завршната активност е од големо значење, затоа што екскурзиите својот ефект го постигнуваат токму преку оваа завршна работа на учениците и наставниците во училиштето. Според K. Bezić, запишувањето на табла е една од неколкуте фази на завршни активности во училницата. Во оваа фаза се систематизираат содржините и за да не дојде до одалечување од темата, наставникот поставува критериуми и на таблата се бележат основните елементи, се прави шема, доколку тоа го допушта содржината, се проверуваат знаењата и се превземаат мерки за да се поправат можните грешки и да се пополнат празнините и сл.

Дванаесеттата задача од овој труд гласи: Да се утврди кој ги финансира екскурзиите на учениците и дали економските можности на учениците се пречка за нивното вклучување во екскурзиите. На оваа задача соодветсвува дванаесеттата хипотеза според која, екскурзиите ги финансираат родителите на учениците и економските можности не претставуваат пречка за нивното вклучување. Што се однесува до овој финански дел од

организирањето на екскурзии, нашето мислење е дека оваа обврска во потполност им припаѓа на родителите. Во следната табела ќе ги претставиме добиените резултати од спроведеното истражување.

Табела 16. Ставови на наставниците во однос на финансирањето на учениците за вклучување во екскурзиите и во однос на тоа дали економските можности претставуваат пречка за нивно остварување

| Реден број | Тврдења | Категории на одговори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | |
| | | f | % | f | % | f | % |
| 17. | Финансирањето на екскурзиите го обезбедуваат само родителите на учениците (наставник) | 55 | 78,6 | 13 | 18,6 | 2 | 2,8 |
| 18. | Училиштето обезбедува донации за оние ученици кои од економски причини не се во можност да одат на предвидената екскурзија (наставник) | 53 | 75,7 | 15 | 21,4 | 2 | 2,9 |

Од вкупниот број анкетирани наставници, 78,6% одговориле дека се согласуваат со тврдење бр. 17 кое гласи: Финансирањето на екскурзиите го обезбедуваат само родителите на учениците, многу мал дел т.е. 2,8% одговориле дека не се согласуваат со тоа, а 18,6% делумно се согласуваат. Исто така 75,7% одговориле потврдно во однос на тврдењето бр.18: Училиштето обезбедува донации за оние ученици кои од економски причини не се во можност да одат на предвидената екскурзија.

По однос на ова прашање разговаравме и со директорите на училишта. Во протоколот за интервју како единаесетто прашање стои: Кој ги финансира екскурзиите? Дали има некои донации?.

Ставовите на директорите беа усогласени и се изјаснаа дека финанскиот дел го покриваат родителите, додека за оние ученици кои од економски

причини не се во можност да одат на предвидената екскурзија, другите родители собираат средства или самата агенција дава можност за одреден број ученици кои може да одат со помал износ или бесплатно. Исто така и училиштето дава донации кои се собрани од хуманитарни концерти, изложби и сл. Врз основа на добиените резултати од анкетирањето и интервјуирањето, слободно може да се каже дека дванаесетата хипотеза се потврдува.

Последната хипотеза се поврзува со претходната и затоа за истата ќе го прокоментираме и деветнаесеттото и дваесеттото прашање од прашалникот за наставници, кои се од отворен тип.

*Прашање бр. 19*

- *Со какви проблеми се соочувате при планирањето на екскурзиите?*

*Прашање бр.20*

- *Со какви проблеми се соочувате при реализацијата на екскурзиите?*

Во последната хипотеза стои дека наставниците наидуваат на проблеми при планирањето и реализацијата на ученичките екскурзии. Откако ги сумиравме одговорите од прашалниците може да кажеме дека хипотезата се потврдува, затоа што наставниците навистина наидуваат на голем број проблеми, а еден од најчесто изнесените одговори беше дека финансискиот дел им создава потешкотии. Во прилог на оваа хипотеза ги презентираме добиените податоци, односно одговори од анкетните листови наменети за наставниците и одговорите на прашањата од протоколот за интервју со директорите на основните училиштата во кои се реализираше истражувањето.

Во следната табела се презентирани дел од одговорите на наставниците.

Табела 17. *Ставови и мислења на наставниците во однос на проблемите со кои се соочуваат при планирањето и изведувањето на екскурзиите*

| **Проблеми при планирање на екскурзии** | **Проблеми при реализација на екскурзии** |
|---|---|
| » Собирање парични средства за екскурзии надвор од градот; | » Агенциите не го нудат она што го ветуваат во тендерот; |
| » Ограничувањата според Правилникот; | » Несоодветни сместувачки капацитети; |
| » Потешкотии со наоѓање агенција за помал број ученици; | » Набиена агенда за посети; |
| » Проблем со цените за помал број на ученици; | » Недостиг на време за да се посети се она што е предвидено; |
| » Временското ограничување како пречка за посета на повеќе места; | » Недоволно интерес за екскурзии во блиската околина која на учениците им е позната; |
| » Да се одбере ден со погодни временски услови. | » Носење мобилни телефони; несериозност и неодговорност од страна на учениците. |

Друг проблеми со кој се соочуваат директорите и наставниците при планирањето на екскурзиите се туристичките агенции и токму тоа е последното прашање во протоколот за интервју со директорите.

*Прашање бр.12*

- *Каква е улогата на туристичките агенции во организацијата на екскурзиите?*

*Одговор:*

- *Техничка организација (автобус, хотел, храна, осигурување, водич, доктор и сл).*

Улогата на туристичките агенции е да ја обезбедат техничката организација за успешно и квалитетно изведување на екскурзиите и тие сето тоа го ветуваат во договорот, но од искуството се покажало дека не го нудат она што ветуваат и се јавува незадоволство кај наставниците, но пред се, кај учениците. Тоа може да го согледаме и од табела бр. 14 (ставови на учениците во однос на тоа што не им се допаѓа) и табела бр. 17 (проблеми со кој се соочуваат наставниците при реализација на екскурзиите).

Ова се најчестите проблеми со кои се соочуваат наставниците при планирањето и изведувањето на екскурзиите и како резултат на нивното искуство во сето ова ние побаравме да ни дадат свои предлози и сугестии за подобрување на квалитетот на реализација на ученичките екскурзии. Ова е всушност последното прашање од прашалникот за наставници, кое гласи:

- *Доколку имате свои предлози и сугестии за подобрување на квалитетот на реализацијата на ученичките екскурзии, Ве молиме да ги наведете:*

Табела 18. *Предлози и сугестии од наставниците за подобрување на квалитетот на реализација на екскурзиите*

| |
|---|
| » Поголема ангажираност од страна на родителите; |
| » Да се зголемат деновите предвидени со Правилникот; |
| » Да се даде можност да се реализира екскурзија која првично не била планирана, но подоцна се укажало потреба да се изведе; |
| » Премногу формалности и тендери се потребни дури и за еднодневна екскурзија (доколку има потреба од превоз); |
| » Да се организираат повеќе екскурзии од културно-уметнички карактер; |
| » Во IV и V одделение да има екскурзии со едно ноќевање; |
| » Екскурзиите да се реализираат почесто, а не само двапати годишно (есенски и пролетни); |
| » Секоја година да се посетуваат различни локации. |

Ова се дел од одговорите на наставниците каде ни даваат предлози и сугестии, во однос на некои прашања, со кои сметаат дека ќе се подобри квалитетот на реализацијата на екскурзиите.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите од Чек-листата на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето

Во вториот дел од анализата, ќе ги интерпретираме резултатите од Чек -листата, која беше наменета за Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето, а беше спроведена од страна на самиот истражувач. Целта на оваа анализа на содржина, беше да се утврди дали и во колкав процент, ученичките екскурзиите се планираат и изведуваат во согласност со актуелниот Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии. Всушност, четиринаесете тврдења кои ги содржи листата за проверка (Чек-листа) се во компатибилност со втората хипотеза од истражувањето, која гласи: Ученичките екскурзии се планираат и изведуваат согласно со актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на основните училишта". Во продолжение ги претставуваме резултатите, кои се добиени по пат на овој инструмент и се однесуваат на примерокот од трите училишта.

Табела 19. *Резултати од Чек-листата на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето*

| Реден број | Тврдења | Основно училиште | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ОУ„Христо Узунов" | ОУ„Григор Прличев" | ОУ„Климен т Охридски" |
| 1. | Годишната програма за работа на училиштето ја содржи програмата за екскурзии | ✓ | ✓ | ✓ |
| 2. | Програмата е достапна за увид | ✓ | ✓ | ✓ |
| 3. | Програмата за екскурзии еизготвена од Стручен тим составен од директорот, одделенските раководители и други наставници | ✓ | ✓ | ✓ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Програмата е уредна, концизна и разбирлива | ✓ | ✓ | ✗ |
| 5. | Програмата содржи воспитно-образовни цели и задачи | ✓ | ✓ | ✗ |
| 6. | Во програмата се дадени содржините на активности кои ќе се реализираат | ✓ | ✓ | ✗ |
| 7. | Назначени се: раководител, наставници и ученици кои ќе учествуваат на екскурзијата | ✓ | ✓ | ✓ |
| 8. | Програмата содржи времетраење | ✓ | ✓ | ✓ |
| 9. | Програмата содржи локации за посета, правци на патување и техничка организација | ✓ | ✗ | ✓ |
| 10. | Локалитетите предвидени за посета, се во согласност со Правилникот | ✓ | ✓ | ✓ |
| 11. | Посетата на локалитетите не се повторува со учениците кои веќе го посетиле одбраниот локалитет во претходните учебни години | ✗ | ✗ | ✗ |
| 12. | Во програмата јасно се разграничени: видовите на екскурзии, излетите, наставата во природа, зимувањата и летувањата | ✓ | ✓ | ✓ |
| 13. | Во програмата застапен е и начинот на финансирање | ✓ | ✓ | ✓ |
| 14. | Извештајот за реализација на екскурзиите е достапен за увид | ✓ | ✓ | ✓ |

Во трите училишта во кои се направи анализа на содржина, Програмата за екскурзии е дел од Годишната програма за работа на училиштето. Таа е изготвена од страна на стручен тим составен од

директорот, одделенските раководители и други наставници и е достапна за увид.

Во две од трите училишта, програмата за екскурзии беше уредна, концизна и разбирлива, ги содржеше воспитно-образовните цели, задачи, содржини и активности кои ќе се реализираат на предвидените екскурзии. Од направената анализа на Програмата за екскурзии преку оваа листа за проверка наидовме на некомплетно програмско планирање на екскурзиите во однос на елементите кои погоре ги изнесовме. Во еден дел од примерокот екскурзиите беа делумно испланирани и не беа опфатени сите ставки кои треба да ги содржи Програмата за екскурзии. Во програмата за екскурзии во едно од трите училишта не беа наведени целите, задачите, содржините и активностите кои ќе се реализираат. Исто така во едно од овие училишта не беа запишани правците на патување и техничка организација, назначени беа само раководител, ученици и наставници кои ќе ја реализираат наставата и нејзино времетраење. За споредба, во другите две училишта сето тоа беше доста прецизно и прегледно претставено. Значи, и покрај тоа што Правилникот се однесува за сите основни училишта, сепак, во еден дел од примерокот на училишта, се соочиваме со неуредност на програмата, во однос на воспитно-образовни цели, задачи, содржини, активности, правци на патување и техничката организација.

Локалитетите кои се назначени во Програмата за екскурзии во основните училишта каде се реализираше истражувањето се во согласност со оние кои се предвидени со Правилникот. Но, за жал, не можеме да го кажеме истото и за единаесеттото тврдење од Чек-листата, кое гласи: Посетата на локалитетите не се повторува со учениците кои веќе го посетиле одбраниот локалитет во претходните учебни години. Во програмите за екскурзии се повторуваат поголемиот дел од местата и објектите кои беа предвидени за изведување на екскурзиите.

Во трите програми кои беа анализирани, јасно беа разграничени екскурзии, излети, настава во природа, зимувања и летувања и сето тоа беше во согласност со Правилникот. Конкретно за видовите екскурзии, тоа не можеме да го кажеме, затоа што не постоеше некоја значајна поделба. Во програмите стоеше: екскурзија од воспитно-образовен и научен карактер или комбинирана (воспитно-образовна со забавно-рекреативна) екскурзија. Во

ниедна програма не се сретнавме со поимот наставна екскурзија која се остварува за полесно совладување на содржините или постигнување на целите на одреден предмет. Таквите наставни екскурзии беа заведени како излети (есенски и пролетен), за да не го надминат бројот на екскурзии кој е предвиден со Правилникот. Всушност тоа е и најголемиот проблем со кој се соочуваат наставниците, немааат слобода на креативен и илустративен начин да им ги претстават на учениците содржините кои треба да ги совладаат по одделни предмети а се дел од секојдневниот живот. И сето ова само заради административниот дел кој мора да биде во согласност со дадениот Правилник.

Начинот на финансирање, беше застапен во трите програми кои ги анализиравме, и најчесто, односно во поголемиот дел од екскурзиите финансирањето го вршат самите родители на учениците.

Што се однесува до извештаите за реализираните екскурзиите, истите беа достапни за увид и во трите училишта и беа во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии.

Може да сумираме, дека, со девет тврдења од вкупно четиринаесет, се потврдија нашите очекувања, односно се потврдува втората хипотеза, која гласи: Ученичките екскурзии се планираат и изведуваат согласно со актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на основните училишта“. Претходно напишавме дека оваа иста хипотеза се потврдува, но, врз основа на ставовите на наставниците, учениците и директорите, а сега се потврдува врз основа на анализата на Програмата за екскурзии, која ја спроведе самиот истражувач, преку Чек-листа.

Од тоа што го согледавме преку анализата на годишната програма, дојдовме до заклучок дека Правилникот се почитува, но постои проблем во програмското поставување на наставните екскурзии, бидејќи наставниците, во програмата ги запишуваат како излети, а всушност мислат на наставни екскурзии. Тоа е така, затоа што со правилникот е дозволено да се реализираат само три екскурзии во текот на школувањето на учениците во основно училиште за разлика од излетите кои може да се организираат најмногу двапати годишно за секое одделение, како пролетен или есенски излет. И токму овде, локалитетите за посета во програмското планирање се

однесуваат на сите одделенија од основното училиште што значи дека се повторуваат во секое одделение, а во Правилникот стои дека посетата на локалитетите не треба да се повторува со ученици кои веќе го посетиле одбраниот локалитет. Што се однесува до ова тврдење, во трите училишта во кои се реализираше истражувањето, локалитетите за посета се повторуваа со сите ученици, што не е во согласност со втората хипотеза, која гласи: Ученичките екскурзии се планираат и изведуваат согласно со актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците на основните училишта“. Иако поголемиот број тврдења од Чек-листата одат во прилог на оваа хипотеза и истата се потврдува, овој еден елемент од планирањето и изведувањето на екскурзиите, кој се однесува на неповторување на локалитетите е од големо значење за учениците и во однос на тоа треба да се превземат мерки за тоа да биде исправно.

# IV Дел

## Заклучни сознанија и констатации

"Teaching children about the natural world should be seen as one of the most important events in their lives." ~ Thomas Berry



Од извршената анализа на емпириските податоци може да констатираме дека се потврдува генералната хипотеза на истражувањето, или поконкретно дека, учениците и наставниците имаат позитивно мислење во врска со програмската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште и за нивните придобивки и можности за учење. Од анализата и компарирањето на добиените податоци може да се изведат неколку општи констатации.

1. Наставниците сметаат дека актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта“ делумно, претставува **добра програмска основа за реализирање на ученичките екскурзии.** Но и покрај делумното согласување, ученичките екскурзиите мора да се планираат и изведуваат согласно со актуелниот „Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта“, бидејќи законски се наложува. Сите наставници (кој повеќе, кој помалку) се запознаени со Правилникот и врз основа на тоа, екскурзиите ги планираат на почетокот од учебната година, во својот годишен план за работа, Програмата за екскурзии е изготвена од Стручен тим избран од Училишниот одбор и таа се содржи во Годишната програма за работа на училиштето и местата и локалитетите кои се посетуваат се во согласност со него.
2. **Промените** кои се направија со донесувањето на Правилникот во 2017 година, покрај стручно-педагошки, за директорите од круцијално значење се промените од техничко-организационен и безбедносен карактер. Со Правилникот се одредени местата и локалитетите кои треба да се посетат и е одреден бројот на екскурзии и другите воннаставни облици на работа, одделно за секое одделение. Она што нас не зесегнува е малиот број на екскурзии. Според правилникот, екскурзија се организира еднаш во учебната година во траење од еден до три дена и тоа: (за учениците од III одделение – еден ден; за учениците од VI одделение – два дена; за учениците од завршното одделение – три дена). И овие екскурзии најчесто се екскурзии со општ воспитно-образовен карактер. Сознанијата до кои дојдовме преку ова

истражување се дека наставниците имаат потреба од поголема слобода во однос на планирањето на наставните екскурзии кои се остваруваат за потребите на една или повеќе наставни содржини од еден или повеќе сродни предмети. Тука постои заблуда кај наставниците, затоа што во програмата несмеат да ги запишат како екскурзии (бидејќи тој број е веќе исполнет) и ги запишуваaат како посети или излети (пролетни или есенски), а ги реализираат како наставни екскурзии.

3. Наставниците и учениците имаат позитивно мислење за **придонесот на ученичките екскурзии во реализирањето на воспитно-образовните задачи.** Со *непосредното набљудување и доживување* се овозможува стекнување на *целосни, подлабоки и потрајни знаења* со што се ублажуваат неповолните последици на традиционалната настава исполнета со вербализам. Тоа е всушност и основната воспитно-образовна вредност на екскурзијата како наставна форма. Преку неа *учениците најдиректно и најнепосредно се запознаваат со стварноста*, со местата, објектите, предметите, појавите и процесите што ги изучуваат на самото место, во нивната конкретна средина; на одреден начин се *осамостојуваат и се социјализираат;* екскурзијата е можност за максимална активација на ученикот и можност за развој на нивните организаторски способности; *запознавање на ученикот со вредностите на сопствената татковина и исто така* екскурзиите придонесуваат и за естетското воспитување на ученикот.

4. Во стручната литература изненадува ставот кога од разновидни причини, а пред се заради непознавање на оваа наставна форма, наставната екскурзија се дефинира како „полесна" форма на наставна работа кога ученикот може да се одмори, рекреира и забавува. Според овие гледишта екскурзијата има за задача да ги рекреира или одмара учениците во форма на своевидно патување заради одмор и рекреација. Врз основа ова доаѓа до губење на воспитно-образовното значење на екскурзијата и нејзиното позитивно и корисно влијание на учениците и за жал преовладува забавно-рекреативниот карактер како единствено и најзначајно обележје. И со тоа се потврува една од нашите хипотези дека учениците, **екскурзиите ги доживуваат како излети** и не го согледуваат нивното вистинско воспитно-

образовно значење. А според нас, тоа најмногу зависи од начинот на кој наставниците ги планираат и реализираат екскурзиите и какви активности и обврски им даваат на учениците.

5. Во однос на **проблемите** со кои се соочуваат наставниците при планирањето и реализацијата на екскурзиите спаѓаат финансиските и оние од техничко-организационен карактер, а многу малку се зборува за воспитно-образовните или педагошки прашања поврзани со реализацијата на екскурзијата.

*На овие наши простори нема голем број на истражувања во врска со екскурзиите иако обиди отсекогаш постојат, со желба да се сменат состојбите во позитивна насока. Низ добро осмислени истражувања може да се дојде до проверени податоци за можностите и ефектите од целенасочената и функционалната примена на наставните екскурзии, а не со стихијно изведените екскурзии, учениците да се задоволни затоа што успеале само за момент да побегнат од секојдневните четири ѕида на училницата.*

*Она што може да го заклучиме е дека екскурзијата има доста значаен придонес во воспитно-образовната дејност на училиштето и позитивно се ефектуира врз ученикот, но единствено доколку се познаваат нејзините педагошки можности и кога правилно се организира и успешно се реализира во практиката. Доколку не се води сметка за ваквите барања и доколку не се познаваат педагошките потенцијали на екскурзијата, таа лесно би можела да го изгуби својот карактер и да добие одлики на неорганизирана и нецелесообразна дејност и да се претвори во нешто спротивно од она што би требало да биде.*

# ЛИТЕРАТУРА


1. **Адамческа, С.** (1996). *Активна настава.* Скопје: Легис.
2. **Ала, М., Вејсели, С.** (2007). Улогата на наставните екскурзии. Скопје: *Просветно дело.* бр. 5
3. **Ампов, Б.** (1985). *УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ воспитно-образовно значење, организирање и изведување.* Скопје: НИО „Студентски збор“.
4. **Ампов, Б.** (1986). *МЕТОДИКА на наставата по запознавање на природата, по запознавање на општеството.* Скопје: НИО „Студентски збор“.
5. **Ампов, Б.** (1986). *Подготовка на наставата - прирачник за наставници.* Скопје: Просветно дело.
6. **Ангелоска – Галевска, Н.** (1998). *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието.* Битола: Киро Дандаро.
7. **Anderson, D., Kisiel, J., & Storksdieck, M.** (2006). Understanding teachers' perspectives on field trips: Discovering common ground in three countries. *Curator: The Museum Journal, 49*(3), 365-386.
8. **Bezić, K.** (1973). *Metodika nastave priroda i društva.* Zagreb: Školska knjiga.
9. **Brazda, M.** (1985). Terenski rad i ekskurzije u nastavi geografije. Zagreb: Školska knjiga.
10. **Behrendt, M., & Franklin, T.** (2014). A Review of Research on School Field Trips and Their Value in Education. *International Journal of Environmental and Science Education, 9*(3), 235-245.
11. **Bitgood, S.** (1989). School field trips: An overview. *Visitor behavior, 4*(2) 3-6.
12. **Вилотијевић, М.** (2000). *Дидактика 1, 2 и 3.* Београд: Завод за уџбенике и наставна средства, Учитељски факултет.
13. **Вујаклија, М.** (1985). *Лексикон страних речи и израза.* Београд: Просвета.
14. **V. Dorofejev.** (1959). *Školske ekskurzije po Jugoslaviji.* Zagreb: Školska knjiga.
15. **Greene, Jay P., Kisida, B., Bowen, D.H.** (2014). Benefits of Field Trips - Critical thinking and tolerance improve. *EducationNext.* 1/14. p.70.

16. **Gottfried, J.** (1980). Do children learn on school field trips?. *Curator: The Museum Journal*, *23*(3), 165-174.
17. **DeWitt, J., & Osborne, J.** (2007). Supporting teachers on science-focused school trips: Towards an integrated framework of theory and practice. *International journal of science education*, *29*(6), 685-710.
18. **DeWitt, J., & Storksdieck, M.** (2008). A short review of school field trips: Key findings from the past and implications for the future. *Visitor Studies*, *11*(2), 181-197.
19. **Dodge, D. T., Colker, L., & Heroman, C.** (2002). The creative curriculum. *New York, NY: Teaching Strategies.*
20. **Enciklopedijski rečnik pedagogije.** (1963). Zagreb: Matica Hrvatska.
21. **Žderić, M. Terzija, V. Đorđević, V.** (1983). Metodika nastave biologije. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
22. **Закон за основното образование.** (2008). Скопје: Службен весник на Р. Македонија. бр. 103.
23. **Јегени, Л.** (2004). Прошетки, излети, екскурзии основа за сознавање на природата и околината. Скопје: *Просветно дело*. бр. 5, стр. 37-46.
24. **Јованова, С.** (2003/04). Екскурзијата и нејзиното значење во наставата по природа и општество. Штип: *Воспитание*. бр. 4-5, стр 120-127.
25. **Камчева- Лакинска Б.** (1992). Самостојна работа на ученикот во наставата. Скопје: Гоце Делчев.
26. **Klaić, B.** (1985). Rječnik stranih riječi. Zagreb: Nakladni zavod Matice Hrvatske. str. 158.
27. **Knapp, D.** (2000). Memorable experiences of a science field trip. *School Science and Mathematics*, *100*(2), 65-72.
28. **Концепција за деветгодишно основно образование** (2007). Скопје: Биро за развој на образование.
29. **Colin, J. M.** (1994). *Kurikulum-temeljni pojmovi*. Zagreb: Educa.
30. **Lukša, Ž., Žamarija, M., Dragić Runjak, T., & Sinković, N**. (2014). Terenska nastava prirode i biologije u osnovnoj školi. *Educatio biologiae*, *1*(1), 69-79.
31. **Насоки за организирање на екскурзии, излети и логорувања со учениците од основните и средните *училишта*.** (2007).

Скопје: Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

32. **Наставен план за деветгодишно основно образование во РМ.** (2014). Скопје: Биро за развој на образование.
33. **Наставни програми за деветгодишно основно образование** (2014). Скопје: Биро за развој на образование.
34. **Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година.** (2006). Скопје: Министерство за образование и наука.
35. **Nespor, J.** (2000). School field trips and the curriculum of public spaces. *Journal of Curriculum Studies*, *32*(1), 25-43.
36. **Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници.** (1999). Скопје: Министерство за образование - Педагошки завод на Македонија.
37. **Orion, N., & Hofstein, A.** (1994). Factors that influence learning during a scientific field trip in a natural environment. *Journal of research in science teaching*, *31*(10), 1097-1119.
38. **Orion, N.** (1993). A model for the development and implementation of field trips as an integral part of the science curriculum. *School Science and Mathematics*, *93*(6), 325-331.
39. **Pedagoška enciklopedija 1 i 2,** (1967). Beograd: Zavod za izdavanje udžbenika SR Srbija.
40. **Попоски, К.** (2000). Програмирање на воспитно-образовниот процес. Скопје: Педагошки завод на Македонија.
41. **Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.** (2014). Скопје: Министерство за образование и наука.
42. **Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.** (2010). Скопје: Министерство за образование и наука.

43. **Прангоски, Р.** (2010). Наставните екскурзии форма на организација на наставата. Скопје: *Просветно дело*. бр.63/2.стр. 103-116.
44. **Прангоски, Р.** (2010). Видови на наставни екскурзии. Скопје: *Просветно дело*. бр.63/3. стр.97-108.
45. **Prodanović, T., Ničković, R.** (1974). *Didaktika*. Beograd: Zavod za udžbenike i nastavna sredstva.
46. **Price, S., & Hein, G. E.** (1991). More than a field trip: Science programmes for elementary school groups at museums. *International Journal of science education*, *13*(5), 505-519.
47. **Roberts, J. W.** (2005). Disney, Dewey, and the death of experience in education. *Education and culture*, *21*(2), 12-30.
48. **Секуловски, К.** (1974). Методика на наставата по Запознавање на Природата и Општеството. Скопје: Просветно дело.
49. **Стојановска, В.** (2004). Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците. Скопје: Форум.
50. **Taylor, S. I., Morris, V. G., & Cordeau-Young, C.** (1997). Field trips in early childhood settings: Expanding the walls of the classroom. *Early Childhood Education Journal*, *25*(2), 141-146.
51. **Тешиќ, В.** (1977). *Воспитно образовна функција школских екскурзија*. Београд: Секција просветних листова република и покрајина Југославије.
52. **Тодоровски, Ѓ.** (1995). Ученичките екскурзии и нивната организација. Скопје: *Просветно дело*. бр. 4.
53. **Falk, J. H., & Dierking, L. D.** (1997). School field trips: Assessing their long-term impact. *Curator: The Museum Journal*, *40*(3), 211-218.
54. **Упатство за организирање и изведување на ученичките екскурзии**. (1978). Скопје: Републички завод за унапредување на образованието и воспитувањето (РЗУОВ) и Републички секретаријат за образование и наука (РСОН).

# Интернет извори:

I. http://www.mon.gov.mk/

II. www.bro.gov.mk/

III. http://educationnext.org/the-educational-value-of-field-trips/ 29/11/14

IV. http://www.canberra.edu.au/researchrepository/file/e3ab8f53-1803-1708-da8d-4cd21e614af5/1/fulltext_published.pdf 29/11/14

# ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Анкетен лист (прашалник) за ученици

Прилог 2. Анкетен лист (прашалник) за наставници

Прилог 3. Протокол за интервју со директор

Прилог 4. Чек-листа



# Прилог 1.

## Прашалник за ученици

Драг ученику!

На Институтот за Педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје се подготвува магистерски труд на тема **„Програмската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште“**. Со анкетниот лист би сакале да дојдеме до информации кои ќе ни овозможат успешно да го извршиме ова истражување. Вашето мислење што ќе го осознаеме преку одговорите што ќе ги дадете на прашањата во овој прашалник, ќе дадат значаен придонес во настојувањето наведеното истражување да биде објективно. Поради тоа Ве молиме да одговорите на сите прашања во прашалникот.

Анкетата е анонимна, со загарантирана дискреција во поглед на информациите што ќе ги дадете. Затоа Ве молиме слободно и искрено да одговорите на поставените прашања.

**Ви благодариме на соработката!**

Пред вас се наоѓаат низа тврдења поврзани со екскурзиите во основното училиште. Вашата задача е да го изнесете степенот на вашето согласување, односно несогласување со секое тврдење. Со знакот „✔ “обележете го одговорот за секое тврдење во соодветната колона.

| | Тврдења | Да, се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Учествуваме во планирањето на екскурзиите | | | |
| 2. | Нашиот наставник навремено ги известува нашите родители за изведувањето на екскурзиите | | | |
| 3. | Нашиот наставник ни објаснува зошто се значајни екскурзиите | | | |
| 4. | Наставникот пред одење на екскурзија не информира кои места и објекти ќе ги посетиме | | | |
| 5. | Пред да одиме на екскурзија, наставникот ни ги кажува нашите активности, обврски и должности | | | |
| 6. | Екскурзиите се излети на кои се забавуваме | | | |
| 7. | За време на екскурзиите, ние се рекреираме и си играме со нашите другарчиња | | | |
| 8. | Екскурзијата ни помага да истражуваме и полесно да научиме некоја лекција | | | |
| 9. | Кога одиме во природа ги набљудуваме предметите и притоа правиме забелешки | | | |
| 10. | Доколку сами истражуваме, набљудуваме и собираме предмети, многу полесно учиме | | | |
| 11. | Кога учиме некоја лекција надвор во блиската околина, полесно и подолго ја | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | помниме, отколку кога учиме во училницата | |
| 12. | Со реализацијата на екскурзиите ни се разјаснуваат содржините коишто ги учиме | |
| 13. | По завршувањето на екскурзиите, разговараме во училницата за нашите впечатоци | |
| 14. | Секој од нас ги кажува своите забелешки и мислења од екскурзијата | |
| 15. | Основните елементи од екскурзијата ги запишуваме на табла и на крај повторуваме | |
| 16. | Задоволни сме од екскурзиите кои досега се реализирани | |
| 17. | Сакаме да се организираат повеќе екскурзии | |

**Ве молиме одговорете на следните прашања со допишување.**

18. Напишете што Ви е најинтересно на екскурзиите?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

19. Напишете што не Ви се допаѓа на екскурзиите?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

# Прилог 2.

## Прашалник за наставници

Почитувани!

На Институтот за Педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје се подготвува магистерски труд на тема **„Програмската поставеност и реализацијата на екскурзиите во основното училиште“**. Со анкетниот лист би сакале да дојдеме до информации кои ќе ни овозможат успешно да го извршиме ова истражување. Вашето мислење што ќе го осознаеме преку одговорите што ќе ги дадете на прашањата во овој прашалник, ќе дадат значаен придонес во настојувањето наведеното истражување да биде објективно. Поради тоа Ве молиме да одговорите на сите прашања во прашалникот.

Анкетата е анонимна, со загарантирана дискреција во поглед на информациите што ќе ги дадете. Затоа Ве молиме слободно и искрено да одговорите на поставените прашања.

**Ви благодариме на соработката!**

| Наставник: | а) Одделенски наставник | б) Предметен наставник |
|---|---|---|
| Пол: | а) машко | б) женско |
| Работно искуство: | а) до 10 години<br>б) од 10 до 20 години<br>в) над 20 години | |

Пред вас се наоѓаат низа тврдења поврзани со екскурзиите во основното училиште. Вашата задача е да го изнесете степенот на вашето согласување, односно несогласување со секое тврдење. Низата од 1 до 3 одговара на 3 категории. Вие треба да ја заокружите бројката на тврдењето кое најмногу одговара со вашето мислење.

| Тврдења | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|
| 1. Запознаен/а сум со „Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта“ | 1 | 2 | 3 |
| 2. Правилникот добро ги регулира прашањата во врска со подготовката и реализацијата на ученичките екскурзии | 1 | 2 | 3 |
| 3. Потребна ми е обука за успешно планирање и изведување на наставни екскурзии | 1 | 2 | 3 |
| 4. Сметам дека сум доволно компетентен/на за планирање на екскурзии за потребите на предметите кои ги предавам | 1 | 2 | 3 |
| 5. Екскурзиите ги планирам на почеток на учебната година во годишниот план за работа | 1 | 2 | 3 |
| 6. Учениците се вклучени во планирањето на екскурзиите | 1 | 2 | 3 |
| 7. Екскурзиите имаат големо воспитно-образовно значење за учениците | 1 | 2 | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. На екскурзиите, на учениците многу полесно може да им се објаснат некои наставни содржини, отколку во училницата | 1 | 2 | 3 |
| 9. После секоја извршена екскурзија, остваруваме завршни активности во училница и пишувам извештај за истата | 1 | 2 | 3 |
| 10. Со екскурзиите се развива детската љубопитност, способноста за набљудување и воочување (особено кај учениците од пониските одделенија) | 1 | 2 | 3 |
| 11. Екскурзијата придонесува за подобрување на наставниот процес и надминување на вербализмот | 1 | 2 | 3 |
| 12. Училишниот одбор формира посебен стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии | 1 | 2 | 3 |
| 13. Задоволен/на сум од досегашната практика на реализирање на екскурзиите во нашето училиште | 1 | 2 | 3 |
| 14. Потребно е да се зголеми бројот на екскурзиите од оној што е предвиден со актуелниот Правилник | 1 | 2 | 3 |
| 15. Родителите на учениците навремено се информирани за Програмата и реализацијата на екскурзиите | 1 | 2 | 3 |
| 16. Екскурзиите се организираат и реализираат на места и локалитети предвидени со актуелниот Правилник | 1 | 2 | 3 |
| 17. Финансирањето на екскурзиите го обезбедуваат само родителите на учениците | 1 | 2 | 3 |
| 18. Училиштето обезбедува донации за оние ученици кои од економски причини не се во можност да одат на предвидената екскурзија. | 1 | 2 | 3 |

Ве молиме одговорете и на следните прашања, со допишување на Ваш одговор.

19. Со какви проблеми се соочувате при планирањето на екскурзиите?

20. Со какви проблеми се соочувате при реализацијата на екскурзиите?

21. Доколку имате свои предлози и сугестии за подобрување на квалитетот на реализацијата на ученичките екскурзии, Ве молиме да ги наведете:

# Прилог 3.

## Протокол за интервју со директор

Датум: __________

Основно Училиште ________________________________

Директор __________________________________________

| | Прашања |
|---|---|
| 1. | Кој ги планира и организира екскурзиите во основното училиште? |
| 2. | Дали при организацијата на екскурзиите се придржувате до местата и локалитетите кои се предвидени со Правилникот за изведување на екскурзии? |
| 3. | По кој основ определувате кој локалитет во кое одделение да се посети? |
| 4. | Што е она што се промени во организирањето и изведувањето на екскурзиите, со новиот Правилник од 2014 год.? |
| 5. | На кој начин и врз основа на што ги планиравте екскурзиите пред донесувањето на Насоки за изведување на екскурзии од страна на МОН во 2007 год.? |
| 6. | Кое е Вашето мислење за бројот на екскурзии во основно училиште? Дали сметате дека треба да се зголеми? |
| 7. | На кој начин наставниците се оспособени за планирање и изведување на екскурзии? Дали некогаш посетувале некои семинари или обуки во однос на овој проблем? |
| 8. | На кој начин се вклучени родителите во планирањето на екскурзиите? |
| 9. | Дали учениците се вклучени во планирањето и подготовката на екскурзиите? |
| 10. | Дали се пишува извештај за секоја екскурзија и која е неговата улога? |
| 11. | Кој ги финансира екскурзиите? Дали има некои донации? |
| 12. | Каква е улогата на туристичките агенции во организацијата на екскурзиите? |

# Прилог 4.

## Чек-листа

Датум: __________

Основно Училиште ________________________________

| Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето (во рамки на Годишната програма за работа на училиштето) | × | ✓ |
|---|---|---|
| **1.** Годишната програма за работа на училиштето ја содржи програмата за екскурзии | | |
| **2.** Програмата е достапна за увид | | |
| **3.** Програмата за екскурзии еизготвена од Стручен тим составен од директорот, одделенските раководители и други наставници | | |
| **4.** Програмата е уредна, концизна и разбирлива | | |
| **5.** Програмата содржи воспитно-образовни цели и задачи | | |
| **6.** Во програмата се дадени содржините на активности кои ќе се реализираат | | |
| **7.** Назначени се: раководител, наставници и ученици кои ќе учествуваат на екскурзијата | | |
| **8.** Програмата содржи времетраење | | |
| **9.** Програмата содржи локации за посета, правци на патување и техничка организација | | |
| **10.** Локалитетите предвидени за посета, се во согласност со Правилникот | | |
| **11.** Посетата на локалитетите не се повторува со учениците кои веќе го посетиле одбраниот локалитет во претходните учебни години | | |

12. Во програмата јасно се разграничени: видовите на екскурзии, излетите, наставата во природа, зимувањата и летувањата
13. Во програмата застапен е и начинот на финансирање
14. Извештајот за реализација на екскурзиите е достапен за увид

**Забелешки**